ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ“

01 2021 09 01

Скопје, јуни 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 32 |
| Финансиски извештаи за 2020 година | |
| Биланс на успех | 33 |
| Биланс на состојба | 34 |
| Извештај за промените во главнината/капиталот | 35 |
| Извештај за паричниот тек | 36 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 37 - 43 |
| Основни сметководствени политики | 43 - 48 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 48 - 60 |

Прилози:

Прилог бр.1 – Неправилности во постапките за доделување на договори за јавни набавки

Прилог бр.2 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр.3 – Одговор на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

ААВМУ - Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
АД – Акционерско друштво
АКН – Агенција за катастар на недвижности
ДДВ – Данок на додадена вредност
ЕО – Економски оператор
ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки
ЗААВМУ – Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ЗЈН – Закон за јавни набавки
ЗОО – Закон за облигациони односи
ЗРД – Закон за радиодифузија
ЗТД – Закон за трговски друштва
ЈП МРД – Јавно претпријатие "Македонска радиодифузија"
ЈРП МРТ – Јавно радиодифузно претпријатие "Македонска радиотелевизија Скопје"
МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација
МСР – Меѓународни стандарди за ревизија
МСС – Меѓународни сметководствени стандарди
МФ – Министерство за финансии
НО – Надзорен одбор
РМ – Република Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
РТВ – Радиотелевизија
СРМ – Социјалистичка Република Македонија
УЈП – Управа за јавни приходи

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 19-985/4
**Дата:** 13.06.2022 година

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното радиодифузно претпријатие “Македонска радиотелевизија Скопје”, за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.
Во февруари 2020 година извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на ЈРП МРТ за 2017 година, при што е констатирано дека четиринаесет препораки се спроведени, пет се делумно спроведени, по девет препораки активностите се во тек, седум не се спроведени, а една препорака е неприменлива.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈРП МРТ за 2020 година констатирани се следните состојби:

- постојат слабости во воспоставените внатрешните контроли во работењето на претпријатието и истите претставуваат ризик по успешното управување со ризиците, клучните економски операции, поделбата на надлежностите и воспоставениот надзор над активностите;
- не се донесени стратешки, плански, програмски и подзаконски акти што може да влијае на планирањето, работата и развојот на претпријатието;

- во содржината на актот за организација и систематизација кај дел од работните места не се наведени барањата за конкретен вид на стручна подготовка и опис на работните задачи;
- интерните акти и начинот на пресметка на плата не се усогласени во целост со важечките законски прописи;
- не е воспоставена единица за внатрешна ревизија која треба да придонесе за подобро управување со ризиците, контролата и управувањето;
- во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ не е извршен упис на основната главнина на претпријатието;
- пописот на средствата и обврските на крајот на годината не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- утврдени се неправилности во начинот на евидентирање на залихите, поради што за дел од потрошената залиха не се евидентирани расходи;
- недостасуваат податоци за преземените мерки за наплата на побарувања кои се постари од пет години, како и можноста за нивна наплата;
- утврдени се неправилности во начинот на определување на работната успешност на вработените и во пресметката на додатоците за работа во смени и празници, како и во надоместоците по основ на правото за боледување и
- утврдени се неправилности во начинот на планирање, доделување на договорите за јавни набавки и нивната реализација.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна следните прашања кои се однесуваат на:

- изборот на Програмски совет, Надзорен одбор, директор и заменик на директорот на ЈРП МРТ;
- вклучување на раководните лица во одредбите од Колективниот договор;
- судски постапки кои се во тек во кои ЈРП МРТ се јавува во улога на тужител или тужена страна;
- анализа на состојбата на обврските и приходите во ЈРП МРТ и
- информации кои се однесуваат на донациите и трошоците направени за справување со здравствената криза предизвикана од вирусот КОВИД- 19.

Од страна на директорот на ЈРП МРТ, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадените препораки, образложенија за причините кои довеле до состојбата, една забелешка делумно се прифаќа, а една не се прифаќа поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираната состојба.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 33 до страна 36 заедно со ревизија на усогласеност на ЈРП МРТ, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во кој ревизијата се воздржала од изразување мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изразила неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на ЈРП МРТ застапувано од:

- Марјан Цветковски, директор од 01.03.2015 година и повторно избран од 01.03.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните

ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.11.2021 до 11.03.2022 година кај ЈРП МРТ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2017 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.

Во февруари 2020 година, извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на ЈРП МРТ за 2017 година, при што е констатирано дека четиринаесет препораки се спроведени, пет се делумно спроведени, по девет препораки активностите се во тек, седум не се спроведени, а една препорака е неприменлива. Во текот на ревизијата извршена е повторна проверка на статусот на дадените препораките од Конечниот извештај за 2017 година, при што утврдени се одредени подобрувања, односно седумнаесет препораки се спроведени, седум се делумно спроведени, за четири препораки активностите се во тек, додека во бројот на неспроведени и неприменливи препораки нема промени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 08.04.2022 година.

На ден 27.05.2022, од страна на директор на ЈРП МРТ добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на препораките во точките 4.2.2., 4.2.3., 4.2.4., 4.3.1., 4.3.3., 4.3.5., 4.3.6. и точките 6.2. и 4.4.1. Истите се разгледани и е констатирано дека поголем дел претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадените препораки, образложение за причините кои довеле до состојбата, една забелешка делумно се прифаќа, а една не се прифаќа поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираната состојба.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Со извршената проверка на дизајнирањето и функционирањето на внатрешните контроли во јавното претпријатие, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Во декември 2015 година склучен е договор меѓу ЈРП МРТ и правен субјект за сертификација на стандард МКС EN ISO 9001:2009 и во август 2017 година претпријатието се стекнало со сертификат за примена на систем за управување со квалитет, во опсег телевизиско и радио емитување – испорака на услуги кон корисниците. Во донесениот Прирачник за управување со квалитет идентификувани се неопходните процеси (основни, управувачки, помошни и поддршка од надвор) за реализација на систем за управување со квалитет. Според содржината во Прирачникот, претставник на менаџментот за систем за управување со квалитет е директорот на ЈРП МРТ, кој има обврска со одлука да назначи лице одговорно за квалитет. Лицето одговорно за квалитет има задача да обезбеди воспоставување, спроведување и одржување на процесите на систем за управување со квалитет и да доставува известување до раководството за перформансите на системот и потребите за подобрувања. Наведеното лице е задолжено и за информирање на вработените за барањата на корисниците на услуги во врска со системот за квалитет. Во текот на ревизијата не е презентиран документ со кој е назначено одговорно лице за квалитет, поради што постои ризик дека процесите не се имплементираат во согласност со барањата кои се однесуваат на утврдување, планирање, имплементација, работење и подобрување на организацијата за системи за управување со квалитет. Имајќи во предвид дека сертификатот важел до септември 2018 година, се јавува потреба од ажурирање и унапредување на процесите и контролите на работењето, во согласност со современите барања на стандардот;
- Согласно Статутот и актите за организација и систематизација на ЈРП МРТ предвидено е функционирање на стручно административната единица – Заеднички функции, составена од 6 сектори[1]. Со ревизијата утврдивме дека 4 сектори: Сектор за финансиско работење, Сектор за маркетинг и промоција, Сектор за информатички технологии и Сектор за правни работи и човечки ресурси своите работни активности ги извршуваат без назначени раководители на секторот. Во Секторот за финансиско работење, кој има 4 одделенија[2], раководител на сектор не е назначен од 2014 година, иако според описот на работните задачи тој меѓу другото има значајна улога во подготвување и контролата на годишната сметка и периодичните извештаи

[1] Сектор за финансиско работење, Сектор за маркетинг и промоција, Сектор за информатички технологии, Сектор за правни работи и човечки ресурси, Сектор за комерција и јавни набавки и Сектор за логистика.

[2] Одделение за финансии, Одделение за сметководство, Одделение за планирање и реализација на буџети и Одделение за радиодифузна такса.

за реализација на финансискиот план, сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансиски план, ex-ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето и одговорност за водењето на деловните книги.

Во текот на 2022 година донесен е Годишен план за вработување на ЈРП МРТ[3], за кој МИОА има дадено позитивно мислење[4], со кој е предвидено пополнување на работните места раководители на сектор во Секторот за финансиско работење, Сектор за правни работи и човечки ресурси и Сектор за маркетинг и промоција.

- ЈРП МРТ нема донесено процедура за магацинско работење која ќе ги регулира активностите поврзани со процесот на прием, издавање, евидентирање, трошење и следење на залихите на суровини и материјали поради што постои ризик од слабости во управувањето со истите. Кон ова се надоврзува и фактот дека работите од обласата на магацинското работење му се доверени на референт во одделението за јавни набавки, поради што постои ризик од несоодветна поделба на должностите и одговорностите меѓу вработените.

Наведените состојби не се во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор (Стандардот 12 – Процедури, Стандард 13 – Поделба на должностите и Стандард 14 – Надзор) со кои се утврдени барањата за воспоставување на ефикасен систем на внатрешни контроли за управување со ризикот, донесување на пишани процедури за клучните економски операции и воспоставување на надзор над преземените активности заради ефикасно остварување на целите на ЈРП МРТ.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- разгледување на можностите за ресертификација и имплементирање на ефикасен систем за управување со квалитет во деловните процеси на ЈРП МРТ;
- обезбедување соодветна поделба на надлежностите за значајните фази на определени операции или активности и
- изработка и донесување на акт со која ќе се регулираат условите и начинот на прием, издавање, евидентирање, трошење и следење на залихите на суровини и материјали на секое ниво на одговорност и обезбедување услови за негова имплементација.

[3] Годишен план за вработување на ЈРП МРТ бр.04-4550/4 од 05.10.2021 година и негова измена бр.03-4550/5 од 05.10.2021 година.

[4] Мислење од МИОА за Годишен план за вработување на ЈРП МРТ бр.03-4550/10 од 15.11.2021 година.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Статутот на ЈРП МРТ[5] претставува основен општ акт со којшто покрај другите прашања се уредуваат дејноста, планирањето на работата и развојот на претпријатието, донесувањето на општи и други акти, работењето и надлежностите на органите во ЈРП МРТ и обезбедување на транспарентност во работата. Од спроведената анализа на донесени општи и поединечни акти согласно Статутот и ЗААВМУ ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Не е донесена стратегија за развој за пет години, вклучувајќи ја 2020 година, како што е уредено со член 106 точка (1) од ЗААВМУ и член 66 став 1 од Статутот, поради што не се утврдени долгорочните цели и политики за развој на ЈРП МРТ. Стратегијата истовремено треба да содржи годишни планови за имплементација и истите треба да се ревидираат секоја година врз основа на анализа за нејзиното спроведување. Во март 2021 година, Програмскиот совет на ЈРП МРТ донел Стратегија за развој за период 2021 – 2025 година, но не и годишни планови за 2021 и 2022 година за нејзина имплементација.
- Директорот на ЈРП МРТ не предложил, поради што Програмскиот совет не усвоил Програма за развој на ЈРП МРТ, со која треба да се определи начинот и постапките за примена на новите технологии во програмите и програмските сервиси, што не е во согласност со член 132 точка (1) алинеја 6 од ЗААВМУ и член 68 од Статутот. Наведеното има влијание на развојот на ЈРП МРТ во делот на примената на нови технологиите во дејноста.

  Надлежните лица во ЈРП МРТ информираа дека Програмата за развој по својата содржина е составен дел на Стратегија за развој за период 2021 – 2025 година и според нив потребни се измени во законската регулатива и Статутот на претпријатието во однос на обврската од нејзино донесување.
- Изготвен е нацрт Правилник за општите правила за програмските и професионалните стандарди во ЈРП МРТ, но истиот не е усвоен од страна на Програмскиот совет со образложение дека неговата имплементација би имала финансиски импликации врз работењето на претпријатието. Оваа состојба не е во согласност со член 124 точка (1) алинеја 9 од ЗААВМУ и член 37 став 1 алинеја 9 од Статутот, поради што недостасуваат пропишани норми за професионално информирање.
- Од страна на Програмскиот совет не е донесен Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци, како што е уредено со член 74 алинеја 8 од Статутот, поради што со посебен акт не се пропишани начинот на остварување и заштитата на авторските, изведувачките и сродните права и надоместоците по тие основи.

  Надлежните лица во ЈРП МРТ информираа дека обврската од донесување

[5] Статут бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 и Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот бр. 01-4979/3 од 13.11.2020 година

на наведениот Правилник е на ААВМУ и според нив потребни се измени во Статутот на претпријатието во однос на обврската од негово донесување.

- Извештајот за реализација на програмата за работа за 2020 година, кој е составен дел на Годишниот извештај за работа за претходната година, е доставен на разгледување до Собранието на РСМ, но истиот не е усвоен од Програмскиот совет на ЈРП МРТ, што не е во согласност со член 106 точка (5) алинеја 1 од ЗААВМУ и член 37 став 1 алинеја 7 од Статутот.

Недонесувањето на наведените стратешки, плански, програмски и подзаконските акти може да влијае при планирање на развојот и работењето на ЈРП МРТ да не се утврдени годишните цели и насоки за работа, поради што постои можност од несоодветно и неквалитетно функционирање на јавниот радиодифузен сервис.

Препорака

Надлежните органи на управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- обезбедување услови за имплементирање на Стратегијата за развој, преку донесување на годишни планови за нејзина реализација, кои редовно треба да се ажурираат;
- разгледување на потребите од донесување и имплементација на Програма за развој на ЈРП МРТ и Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци, како и потребите од измена на законската и подзаконската регулатива која ги уредува овие прашања;
- донесување на Правилник за општите правила за програмските и професионалните стандарди во ЈРП МРТ и
- запазување на постапката која се однесува на усвојување на изготвениот Годишен извештај за реализација на програмата за работа од страна на Програмскиот совет.

4.2.2. Во април 2020 година, од страна на Програмскиот совет, донесени се актите за внатрешна организација и систематизација на работни места во ЈРП МРТ[6], за кои е добиена согласност од страна на МИОА[7]. Со увид во нивната содржина ги констатиравме следниве слабости:

- во рамки на актот за систематизацијата, во Секторот за финансиско работење, систематизирано е Одделение за радиодифузна такса, кое е пополнето со 5 вработени лица. Согласно измените на ЗААВМУ, укината е обврската за плаќање на радиодифузна такса, при што дел од работните задачи кои се наведени во актот за систематизацијата се неприменливи и

[6] Правилник за внатрешна организација на ЈРП Македонска радиотелевизија број 01-2083/3 од 24.04.2020 година и Правилник за систематизација на работните места на ЈРП Македонска радиотелевизија број 01-2083/4 од 24.04.2020 година.

[7] бр.03-2083/11 од 29.04.2020 година

- во Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ, кај поголемиот дел од работните позиции на даватели на услуги и помошно – технички лица, не е прецизиран конкретен вид на образование, односно се наведува само средно/високо, што е спротивно на член 17 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор[8] и член 19 став 2 од ЗРО.

Несоодветниот опис на работните задачи по работни места во актот за систематизација, како и недостатокот на барања за конкретен вид на стручна подготовка за дел од работните места може да допринесе за пополнување на работните места со кадар кој нема квалификации и знаења од областа која се бара за работното место.

Препорака
Органите на управување и раководење да преземат мерки и активности за прилагодување на работните задачи и прецизирање на барањата за образование во актот за систематизацијата во согласност со надлежностите и активностите кои се вршат во субјектот.

4.2.3. На крајот на 2020 година, ЈРП МРТ има 713 вработени од кои 87% се даватели на јавни услуги и помошно технички лица и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработени во јавен сектор, Законот за работните односи и колективните договори. Вработените во ЈРП МРТ кои имаат статус на административни службеници претставуваат 13% од вкупниот број на вработени и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и колективните договори.
Од извршениот увид во документацијата поврзана со пресметката и исплатата на плата на вработените, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- начинот на пресметка и исплата на плата е уреден со Колективниот договор на ЈРП МРТ и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати во ЈРП МРТ[9]. Со ревизијата констатиравме дека во наведените акти, за пресметка на платата на административните службеници утврдени се коефициенти на сложеност, што не е во согласност со член 87 од Законот за административни службеници во делот на елементите кои ја

[8] Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 11/2015 година).
[9] бр. 01-4455/2 од 16.08.2019 година

сочинуваат основната компонента на плата за административните службеници, која треба да биде изразена во бодови;

- висината на вредноста на коефициентот е еднаква со нето износот на минималната плата во РСМ[10], што не соодветствува со воспоставениот начин на пресметка и исплата на бруто платите на работниците во РСМ, односно не е во согласност со член 3 од Законот за исплата на платите во РСМ[11] и член 1 од Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување и доставување на пресметките до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи[12];
- вредноста на коефициентот на сложеност е утврдена со Колективниот договор на ЈРП МРТ и истата е променлива врз основа на одлука донесена од Програмскиот совет или при промена на Колективниот договор. Во член 11 став 1 точка 6 и член 37 - ц од Законот за јавните претпријатија, е утврдено дека „основната плата и додатоците на плата во јавното претпријатие ги утврдува Управниот одбор, по добиена согласност од основачот на јавното претпријатие, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува директорот на јавното претпријатие“. Во член 88 од Законот за административни службеници, е уредено дека „вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на РСМ“. Горенаведеното укажува дека начинот на пресметка на платата, утврдена во Колективниот договор, не е усогласена со одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за административни службеници односно, вредноста на бодот на основната плата не ја утврдува директорот за давателите на јавни услуги и помошно технички лица и Владата на РСМ за административните службеници. Исто така, за основната плата и додатоците на плата кај даватели на јавни услуги и помошно технички лица не се бара одобрение од основачот - Собранието на РСМ.

  Со Измена на Колективниот договор, во месец септември 2020 година утврдено е со секое зголемување на минималната плата, вредноста на коефициентот да се зголемува за 40% од износот на разликата од порастот на минималната плата;
- во Колективниот договор и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати во ЈРП МРТ, на вработените кои што се на исто ниво, утврдени се различни коефициенти, поради што им се исплатува различна плата иако согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за административни службеници и Законот за работни односи, платата на

---

[10] Од месец јули 2019 година до август 2020 година, пресметковната вредност на коефициентот изнесува 12.508 денари, а од септември 2020 година изнесува 14.934 денари.

[11] „Сл. весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05,121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/19

[12] „Сл. весник на РМ” бр. 08/2009 година

исто ниво треба да биде еднаква, односно условите се утврдени за секое поединечно работно место. Оваа состојба има за ефект субјективен пристап при утврдувањето на висината на платата;

- со извршениот увид во дел од персоналните досиеја на раководните органи и вработените во ЈРП МРТ, кај некои од нив утврдивме дека истите се некомплетни, т.е. недостасува документација за докажување на општите услови утврдени со законската регулатива[13], доказ за работно искуство, како и доказ за општите и посебните работни компетенции за соодветното работно место (знаење, вештини и способности за извршување на работата). Кај дел од нив, документацијата за завршено образование е фотокопија, без заверка на нотар и
- на вработените кои што се категоризирани како даватели на услуги (новинари, режисери, сниматели), како и помошно – техничките лица, кои едновремено земаат работна успешност како дел од плата, не е извршено оценување во 2020 година, што не е во согласност со член 7 од Законот за вработените во јавниот сектор и 37-п од Законот за јавните претпријатија, согласно кои вработените со наведениот статус задолжително се оценуваат еднаш годишно. Истакнуваме дека во ноември 2018 година донесен е Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект[14], кој што не е во примена.

Недостатоците констатирани во делот на интерните акти за пресметка на плата доведуваат до неправилна пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие и отстапување на платите согласно важечката законска регулатива.

Некомплетните досиеја и неспроведеното оценување на дел од вработените може да влијае на пополнувањето на одредени работни места со стручен кадар и на квалитетот на извршување на работните задачи.

### Препорака

Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за :

- усогласување на Колективниот договор и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати со важечките законски прописи, во делот на вреднувањето на основната плата и истите да бидат одобрени од страна на основачот – Собрание на РСМ;

[13] Општи услови утврдени со Законската регулатива меѓу другото се да: е државјанин на РСМ, има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

[14] Правилник за критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект бр.01-5998/2 од 16.11.2018 година.

- да се изврши комплетирање на персоналните досиеја на вработените со потребната документација која се бара за соодветното работно место;
- оценување на давателите на услуги во ЈРП МРТ со примена на Правилникот за критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект и
- донесување на интерен акт за начинот на оценување на помошно – техничките лица и негова практична примена.

4.2.4. Согласно член 31 од ЗЈВФК[15] пропишана е обврската на раководителот на субјектот од јавниот сектор за основање единица за внатрешна ревизија и критериумите врз основа на кои истата треба да се основа. Во наведениот член предвидено е дека, единица за внатрешна ревизија со најмалку три внатрешни ревизори и раководител се формира доколку просечниот финансиски план на субјектот во последните три години изнесувал најмалку 500 милиони денари. Иако ЈРП МРТ го исполнува наведениот законски критериум и во актот за систематизација има предвидено сектор за внатрешна ревизија со две одделенија, работните места се непополнети. Оттука, ревизијата констатира дека во периодот предмет на ревизија не се вршени активности од областа на внатрешната ревизија. Ова состојбата е констатирана и во Конечниот извештај на овластениот ревизор за 2017 година.

Имајќи ја во предвид значајноста и сложеноста на ЈРП МРТ како правен субјект кој врши дејност од јавен интерес, невоспоставување и соодветно екипирање на единица за внатрешна ревизија, може да влијае врз работењето на претпријатието во насока на исполнување на неговите цели и подобрување на ефективноста во процесите на управувањето со ризиците, контролата и управувањето.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за воспоставување и екипирање на единица за внатрешна ревизија.

### 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. ЈРП МРТ Скопје е основано со Закон за основање на јавно претпријатие македонска радио – телевизија[16], донесен од страна на Собранието на РМ и претставува правен следбеник на јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, организирано со Одлука[17] на Собранието на

[15] Службен весник на РМ бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015

[16] Сл. Весник на РМ бр. 6/98

[17] Одлука за организирање на работната организација Радио – телевизија Скопје како јавно претпријатие бр. 22-1114/1 од 22.03.1990 година (Сл. весник на СРМ бр. 10)

СРМ.
Во деловните книги на ЈРП МРТ основната главнина е евидентирана во износ од 421.155 илјади денари, но истата не е запишана во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ, како што е уредено со член 298 став 1 точка 3 од ЗТД. Според податоците од издаденото Решение[18] од трговскиот регистар на Основен суд Скопје 1 и според потврдата за тековната состојба на субјектот од Централниот регистар на РСМ од 2021 година, основач/сопственик на ЈРП МРТ е Собранието на РСМ, при што во документот не се наведени вложените средства во субјектот.

Отсуството на податоци од Централен регистар на РСМ кој претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, не овозможуваат да се потврди точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на основната главнина во финансискиот извештај - Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година. Оваа забелешка била констатирана и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година и била дадена препорака, по која раководството на ЈРП МРТ започнало активности. Имено, во март 2019 година бил доставен Допис[19] до Собрание на РСМ за преземање на мерки и активности за утврдувањето на основачкиот влог на ЈРП МРТ и негово впишување во Централен регистар на РСМ, а откако не бил постигнат напредок во февруари 2020 година испратена е Ургенција за утврдување на видот и износот на основачкиот влог на ЈРП МРТ Скопје[20]. Од воспоставената комуникација, добиен е одговор[21] со кој се укажува дека Собранието на РСМ не располага со податоци врз основа на кои може да донесе одлука со која ќе се утврди видот и износот на основачкиот влог на ЈРП МРТ, особено поради тоа што е поминат долг временски период од неговото основање, а решавање на наведениот проблем бара вклучување на повеќе институции. Во јануари 2021 година повторно бил доставен допис[22] со барање до Собранието на РСМ да донесе Одлука за утврдување на видот и износот на основачкиот влог на ЈРП МРТ, што укажува на подготвеноста на претпријатието да соработува со надлежните интерни сектори во Собранието на РСМ и надворешни органи и институции за упис на вредноста на основна главнина во регистарот.
Наведената состојба не е во согласност со член 472 став 4 од ЗТД со кој е пропишано дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

---

[18] Решение Трег. бр. 2128/2000 од 01.06.2000 година
[19] Допис бр.03-1867/1 од 28.03.2019 година
[20] Ургенција за утврдување на видот и износот на основачкиот влог на ЈРП МРТ Скопје бр.03-948/1 од 05.02.2020 година
[21] Одговор бр.08-1179/2 од 17.02.2020 година
[22] Допис бр.02-311/1 од 25.01.2021 година

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење, да продолжат со преземените активности за утврдување на објективна вредноста на основачкиот влог и негов упис во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ .

4.3.2. ЈРП МРТ Скопје има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За вршењето на пописот во 2020 година донесена е Одлука за формирање комисии за попис, со која е формирана Централна пописна комисија и поединечни пописни комисии. За успешно и целосно извршување на пописот, Централната пописна комисија има донесено Упатство за подготовка и извршување на попис на имотот, побарувањата и обврските[23]. По завршениот попис врз основа на поединечните извештаи изготвен е Извештај за извршен редовен годишен попис од Централната пописна комисија со состојба 31.12.2020 година, кој со Одлука[24] е усвоен од Програмски совет. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се наведените состојби:

- извештајот од Централната пописна комисија во својот состав ги содржи и извештаите од поединечните пописни комисии, со податоци за вредноста на средствата кои треба да се расходуваат, како и податоци за кусоците. Извештаите не содржат податоци за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од „Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот“;
- пописните комисии за извршување на пописот немаат изработено план за работа, што не е во согласност со член 10 став 1 од Правилникот;
- со исклучок на материјалите средства и залихите на кои е извршен попис, како и паричните средства, побарувањата од купувачите, краткорочните обврски спрема добавувачите и обврските за даноци, придонеси и други давачки на кои е извршен попис, но истиот не е сеопфатен и целосен, на останатите средства и извори[25] не е извршен попис, само во извештајот е

[23] Упатство за подготовка и извршување на попис на имотот, побарувањата и обврските на ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2020 година бр.02-4667/8 од 07.12.2020 година

[24] Одлука за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата во ЈРП МРТ со состојба на 31.12.2020 година бр.02-1012/3 од 02.03.2021 година

[25] Нематеријални средства, долгорочни финансиски средства, побарувања од поврзани друштва, побарувања од државни органи и институции, побарувања од вработени, останати побарувања, АВР, краткорочни обврски спрема поврзани друштва, обврски спрема вработени, останати краткорочни

констатирана нивната состојба на крајот на 2020 година. Поради тоа не е направено усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот како што е уредено со член 3 и 4 од Правилникот.

- ЈРП МРТ Скопје во интерното Упатство го нема утврдено начинот на попис на аудио и аудиовизуелни дела, кои одговараат на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата кои се предмет на попис, како што е уредено со член 5 од Правилникот;
- при извршен попис на средствата, пописните листи најчесто не се составени според аналитичките сметки на кои се евидентирани, во нив се утврдени фактичките количини, но не и вредносните показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10 став 4 и став 5 од Правилникот;
- во пописните листи недостасуваат податоци за сметководствената материјална состојба на средствата, утврдените разлики во бројот (количината) меѓу сметководствената и фактичката состојба на средства, како и податоци за утврдените вредносните разлики меѓу сметководствената и фактичката состојба на средства и обврските, што не е согласно член 11 од Правилникот и
- дел од пописните листи и извештаите на пописни комисии не се потпишани од сите членовите на пописната комисија, што не е во согласност со член 11 став 10 од Правилникот.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од ЗТД и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да ги преземат следните мерки:

- извештајот на Централната и поединечните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот;
- пописни комисии пред започнување на пописните активности да изготват план;
- Упатство за подготовка и извршување на попис на имотот, побарувањата и обврските да се дополни со одредби кои го уредуваат начинот на попис на средствата кои претставуваат специфичност на дејноста на јавното претпријатие;

---

обврски и краткорочни резервирања, краткорочни финансиски средства, долгорочни резервирања, долгорочни обврски, ПВР и основна главнина.

- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- во пописните листи покрај количините да се внесат и фактичките вредности поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба и
- пописните листи да бидат потпишани од членовите на пописната комисија.

4.3.3. Програмскиот совет на ЈРП МРТ Скопје со донесување на Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот редовен годишен попис, го прифатил и предлогот на пописните комисии за расход на постојани средства, со набавна и отпишана вредност од 13.806 илјади денари и ситен инвентар, ХТЗ опрема и автогуми во употреба со вредност од 726 илјади денари, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа Програмскиот совет донел одлука за начинот и постапката која треба да се примени за целосно расчистување на утврдениот расход, задолжувајќи го директорот на ЈРП МРТ Скопје да формира комисија, која ќе има задача да ги евидентира и да констатира дека расходуваните средства постојат, како и истите да ги собере и смести во соодветен магацински простор.

Со ревизијата констатиравме дека не се преземени натамошни мерки за постапување по одлуката на Програмскиот совет, при што дел од расходуваните средства сеуште се во магацинскиот простор во зградата на ЈРП МРТ Скопје, а дел останале кај ракувачите кои се задолжени. Утврдениот расход од извршениот попис во 2018, 2019 и 2020 година нема сегашна вредност, а неговата набавна вредност изнесува 23.648 илјади денари. Поради непреземени активности, дел од опремата и ситниот инвентар се расходуваат двапати или се случува еднаш средството да е расход, а друг пат да се појави како кусок или вишок.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 42 став 3, 4 и 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и точка V од Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис и има влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на оние движни ствари за кои при вршењето на попис

на средствата е утврдено дека се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени, поради што не се користат, но и не може да се продадат или разменат. Наведените активности да ги спроведат во согласност со постапката која е уредена со законската регулатива, а по претходно обезбедена согласност од Собранието на РСМ. По нивното физичко отстранување, надлежните лица кои ги водат деловните книги, врз основа на изготвени записници за примопредавање, истите да ги отстранат од сметководствената евиденција.

4.3.4. Во деловните книги на ЈРП МРТ на крајот на годината искажана е залиха на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар во износ од 7.878 илјади денари. Со извршената ревизија констатиравме дека во согласност со МСС 2 – Залихи, ЈРП МРТ во 2018 година има донесено Правилник за примена на сметководствени политики[26], согласно кој за залихите утврдена е политика за нивна процена.

Со ревизијата констатиравме дека дел од залихата, т.н. „технички материјал“, иако е вградена, сеуште е присутна во материјалната и финансиската евиденција, при што не е признат расход во износ од 2.154 илјади денари. Имено, поради непостоење на пишана процедура и соодветно задолжено лице за магацинско работење не се преземените мерки и активности за правилно сметководствено евидентирање на трансакциите поврзани со залихата на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, односно спроведено е погрешно материјално задолжување и раздолжување на истите.

Наведената состојба не е во согласно МСС 2 – Залихи и член 471 став 1 и 472 став 3 од ЗТД и придонесува да се нема точен увид во нивната состојба, а истовремено има влијание на реално и објективно искажување на залихите во билансот на состојбата на ден 31.12.2020 година, како и на расходите во Билансот на успех за таа година.

Во јануари 2022 година од страна на надлежните лица доставено е спроведено корективно книжење[27], со што извршено е евидентирање на дополнително утврдени расходи од претходни години и намалување на залихите, кое ќе има влијание на финансиските извештаи за 2022 година и резултатот од работењето за таа година.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење да преземат активности за воведување на целосна и точна сметководствена и материјална евиденција при приемот и издавањето на залихите.

4.3.5. Во деловните книги и финансиските извештаи на ЈРП МРТ на крајот на 2020 година искажана е состојба на Побарувања од купувачи во земјата и странство

[26] Правилник за примена на сметководствени политики број 01-6546/2 од 28.12.2018 година
[27] налог за книжења број 00001/22 од 31.01.2022 година

во вкупен износ од 2.131.257 илјади денари. Со анализа на побарувањата констатиравме дека 98% од нив се однесуваат на побарувања од купувачи во земјата (2.091.011 илјади денари), додека 40.246 илјади денари се побарувања од купувачите во странство.

Најголем дел од побарувањата во земјата или 2.033.405 илјади денари се побарувања за неплатена радиодифузна такса, истите се постари од 3 години за нивната наплата е задолжена УЈП. Останатиот износ од 57.606 илјади денари се побарувања од купувачи по различни основи, при што според информациите од субјектот предмет на ревизија за 84% од нив или за побарувања во износ од 48.384 илјади денари покренати се судски постапки.
На следниот графикон прикажана е старосната структура на тужени побарувања од купувачите во земјата до 2020 година распределена на пет годишни периоди, искажани во илјади денари.




Графикон бр.1 – Старосна структура на тужени побарувања во земјата

Од графичкиот приказ се воочува дека 94% од тужените побарувања се постари од 5 години, додека 6% се побарувања до 5 години.

Побарувања од купувачи во странство се во износ од 40.246 илјади денари, од кои тужен е само еден комитент со побарување од 35.082 илјада денари што претставува 87% од вкупните побарувања. Останатите побарувања во износ од 5.164 илјади денари се постари од 3 години и за нив не е поведена судска постапка.

Со извршениот детален увид во документите за евидентираните побарувања ревизијата констатира дека ЈРП МРТ располага со податоци за нивна старосна структура, меѓутоа не располага со конкретни податоци за тужените побарувања постари од пет години, односно дали во законските рокови се преземени мерки за нивно утужување, дали некои од искажаните побарувања се од правни лица кои се наоѓаат во постапка на стечај или ликвидација за кои

не постои реален основ за наплата на овие побарувања, степенот на завршеност на судските предметите, проценка за нивната наплатливост, како основа за понатамошно постапување со истите. Спроведената анализа од Одделението за правни и нормативни работи укажа дека голем дел од предметите немаат ажурирани податоци, правните субјекти се во стечај, ликвидирани или се изгубени/добиени судските предмети за кои не се доставени информации за соодветно сметководствено евидентирање, што влијае на податоците искажани во финансиските извештаи.

Поради тоа не сме во можност да потврдиме дали од страна на надлежните органи на раководење и управување во ЈРП МРТ, пред побарувањата да бидат вредносно усогласени биле преземени правни дејствија за нивна наплата или надомест на штета, како што предвидува член 251 став 1 и став 2 од ЗОО. Наплатата е неизвесна, особено за оние побарувања за кои согласно Законот престанало правото на ЈРП МРТ да бара нивно присилно исполнување и наплатата на истите зависи исклучиво од желбата на должникот.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да воспостават ажурна евиденција за следење на побарувањата, да ја утврдат состојбата на побарувањата за кои постои реален основ за наплата и застарување, како и навремено да преземат дејствија пред надлежните судови по однос на ненаплатените побарувања од комитентите.

4.3.6. Согласно Законот за работните односи[28], Колективен договор на јавното претпријатие[29] и Правилникот за плата и исплата на надоместоци на плати на ЈРП МРТ уредено е дека платата на вработените во ЈРП МРТ е составена од основната плата, дел од платата за работната успешност и додатоците.

4.3.6.1. Работната успешност на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување. Обемот на вршењето на работата треба да се определи споредувајќи ги извршените работни задачи со утврдените норми во Правилникот за нормирање на работните задачи, а ако такви не се утврдени, според плановите за работа, односно потребите на процесот на работа.

Правилник за нормирање на работните задачи е донесен од страна на Програмскиот совет во октомври 2019 година и со него се утврдени нормите за вреднување на работните задачи и постапката за оценка на остварените резултати по критериумот обем на извршени работни задачи. Како норма на извршување на одделна работна задача се смета потребното работно време за нејзино извршување вклучувајќи го и времето за подготовка.

[28] член 105 и член 106 од Законот за работните односи
[29] членови од 66 до 77 од Колективен договор на ЈРП МРТ

Од извршениот увид во доставената документацијата констатиравме дека во 2020 година за работна успешност исплатени се средства во бруто износ од 5.490 илјади денари, при што ги утврдивме следните состојби:

- Правилникот за нормирање на работните задачи е наменет исклучиво за давателите на услуги, а не за останатите категории на вработени, што ги доведува вработените во ЈРП МРТ во нееднаква положба и
- работната успешност се исплаќа на сите категории вработени врз основа на предлог на непосредно претпоставениот раководител, одобрен од директорот, без да се користи Правилникот за нормирање на работни задачи во ЈРП МРТ ниту планските документи на претпријатието. Кај одредени предлози, надминат е пропишаниот процент по одделните критериуми утврдени во Колективниот договор[30], што може да има за ефект субјективен пристап при исплатата на работната успешност и неосновано исплатени средства.

Наведените состојби укажуваат на несоодветно регулирана исплата на работна успешност, што влијае на висината на исплатените средства по тој основ и претставува нерационално користење на јавните средства.

Препорака

Органите на управување и раководење на ЈРП МРТ да преземат мерки и активности за објективно определување на основот за исплатата на средства на вработените по основ на работна успешност.

4.3.6.2. Работниците имаат право на додатоци и надоместоци утврдени со закон и колективен договор. Во однос на додатоците на плата, основната плата на работникот се зголемува по час[31] и истите меѓусебно не се исклучуваат. Со увид во доставената документација ревизијата ги утврди следните состојби:

- начинот на пресметка на работа во смени се исплаќа во континуитет независно дали вработениот сите работни часови ги поминал на работа во смени, но и кога користи платен одмор или е на боледување;
- „празничната прекувремена работа“ и „празничната ноќна прекувремена работа“ се називи од пресметката за плата, кои се однесуваат на работа на празници утврдени со закон и се пресметуваат како додаток на плата што му припаѓа на работникот во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемени за 50% односно 71% (при ноќна работа). Ваквиот начин на пресметка на додатокот за празнична работа не е во согласност со Колективниот договор на ЈРП МРТ, со кој е пропишано

[30] Работната успешност се утврдува согласно следните критериуми: Обем на извршена работа (до +10%), Квалитет на извршена работа ( до +30%) и Домаќински однос во вршењето на работните задачи (до +10%)
[31] работа во смени (турнус) = 5%; работа во поделено работно време 5%; работа во ден на неделен одмор 50%; прекувремена работа 35%; работа ноќе 35%; работа на празници определени со закон 50%; работа на Новогодишна ноќ 100%; работа во безбедносно загрозена зона 200%.

дека „за време на празници основната плата на работникот се зголемува по час за 50%, односно 85% при ноќна работа", што обезбедува помали права од оние кои се утврдени со Општиот колективен договор за јавниот сектор. Наведените состојби во однос на процентот и терминологијата кои се користат при пресметка на додаток на плата за работа на празник, со решение од јануари 2022 година[32] се констатирани и од страна на Министерство за труд и социјална политика – Државен инспекторат за труд;

- не е воспоставена пракса за претходно писмено известување на Државниот инспекторат за труд од страна на работодавачот во случај на прекувремена, ноќна работа и празнична работа, што не е во согласност со членовите 117 став 6, 127 став 3 и 148 став 3 од Закон за работните односи и
- пресметка на боледување се врши како просек од последните 3 просечни бруто плати исплатени на вработениот зголемени за додаток за работен стаж, наместо просечниот месечен износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување во последните дванаесет месеци пред настанувањето на случајот како што е уредено во член 16 од Законот за здравственото осигурување и член 76 од Колективниот договор на ЈРП МРТ, што влијае на точноста на висината на пресметаниот износ во случај на боледување.

Наведените состојби не се во согласност со законската регулатива и интерните акти на ЈРП МРТ и имаат за ефект неточно исплатени парични средства за додатоците на плата и надоместок за време на боледување.

Препорака

Органите на управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- пресметката и исплатата на додатокот за работа во смени, да се исплаќаат согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ;
- измена на Колективниот договор на ЈРП МРТ во делот на одредбата со која се уредува начинот на пресметка на празнична работа и негово усогласување со Општиот колективен договор за јавен сектор во РМ;
- пресметување и исплаќање на надоместокот за време на боледувањето во согласност со законската регулатива и колективните договори и
- редовно претходно пријавување до Државниот инспекторат за труд во случај на планирана ноќна и прекувремена работа.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

Во согласност со методата на избор на примерок во ревизијата утврдена во МСР 530, со ревизијата беа опфатени постапки за доделување на договори за јавни набавки согласно кои се склучени договори во 2020 година, како и во

[32] Решение бр.03-192/3 од 11.01.2022 година

претходен период и истите имаат реализација во 2020 година. Со цел да обезбедиме разумна основа за целата популација, при тоа изземајќи ги набавките кои не подлежат на ЗЈН, опфативме 14 набавки за кои се склучени договори во вкупен износ од 109.790 илјади денари со вклучен ДДВ. Нивната реализација во 2020 година изнесува 82.471 илјади денари[33] што претставува 66% од вкупно преземените обврски во таа година кои подлежат на ЗЈН (125.505 илјади денари).

4.4.1. Со спроведените детални тестирања на постапките за доделување на договори за јавни набавки утврдивме неправилности кои детално по постапки се прикажани во Прилог бр. 1 од извештајот, а се однесуваат на:

- непрезентирани докази за начинот на определување на проценетата вредност во Планот за јавни набавки, со кои може да се потврди дека при нејзиното пресметување земени се во предвид пазарните услови и реалните потреби на претпријатието како што е уредено со член 39 од ЗЈН. Проценетата вредност се темели на историски податоци кои не се проверени;
- тендерската документација не содржи информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка што не е согласно член 81 став 2 алинеја 8 од ЗЈН;
- не се потпишани поединечни Изјави за непостоење на судир на интереси од сите членови на комисија, што не е согласно член 38 став 1 од ЗЈН;
- во еден случај, ЕО доставил Уверение од УЈП за платени даноци кое е постаро од 6 месеци, но неговата понуда комисијата не ја оценила како неприфатлива и истиот бил вклучен во евалуација на понудите;
- непотпишан Записник од отворањето на понудите од сите членови на комисија, како што е предвидено со обрасците од Правилник за формата и содржината на записникот од отворање на понудите[34] кој е донесен согласно член 108 од ЗЈН;
- непотпишан Извештај од спроведена постапка од сите членови на комисија како што е предвидено со обрасците од Правилник за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка[35], кој е донесен согласно член 111 став 5 од ЗЈН;
- известувањето за склучен договор не е објавен на ЕСЈН во рок од десет дена по склучувањето на договорот, што не е согласно член 70 став 1 и 2 од ЗЈН и
- известувањето за реализиран договор не е објавен на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот, што не е согласно член 70 став 8 од ЗЈН.

[33] Податоците за реализација на договорите се доставени од ЈРП МРТ.
[34] Службен весник на РСМ 225/2019
[35] Службен весник на РСМ 225/2019

Наведените состојби укажуваат на несоодветно планирање на постапките и определување на нивната проценета вредност, што може да предизвика нереално утврдување на потребите од набавки, ненавремено и неефикасно извршување на дејноста од јавен интерес. Непочитување на законските и подзаконските одредби кои се однесуваат на точно определување на содржината на договорот во тендерската документација, информирање за склучен и реализиран договор и непотпишување на документацијата во постапката, неповолно влијае на транспарентноста и одговорноста при доделувањето на договорите.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да обратат поголемо внимание на:

- процесот на планирање на јавни набавки преку: реално согледување и образложување на потребите од набавки и документирање на начинот на утврдување на проценетата вредност (со определување количина и цена);
- тендерската документација да е изготвена на целосен и неутрален начин и истата да содржи информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка;
- членовите на комисијата да потпишуваат поединечни Изјави за непостоење судир на интереси;
- во фазата на евалуација на понудите да се проверува точноста, комплетноста и веродостојноста на документацијата со која се докажува/ат способноста/ите на понудувачите/подизведувачите и да се врши елиминација на понудите кои не се валидни и се неприфатливи;
- Записникот од отворање на понудите и Извештајот од спроведената постапка да се потпишани од членовите на комисијата и
- навремено доставување на известување за склучен и реализиран договор до ЕСЈН.

4.4.2. Во текот на ревизијата извршен е увид во две поедноставни отворени постапки за набавка на преведувачки услуги, при што во 2019 година склучен е договор[36] на износ од 2.700 илјади денари без вклучено ДДВ, а во 2020 година склучен е договор[37] на износ од 2.600 илјади денари без вклучено ДДВ. Во рамките на техничката спецификација било определено да се понуди цена за превод од петнаесет странски јазици[38]. Со извршената ревизија на реализацијата на договорите и направениот увид во финансиската документација на ЈРП МРТ констатиравме дека, најголем дел од извршените услуги или 99% се однесуваат на направени преводи од англиски јазик за кој избраниот економски оператор

[36] договор број 05-5411/11 од 12.11.2019 година
[37]договор број 05-1095/13 од 19.03.2020 година
[38] Англиски, бугарски, германски, италијански, српски, турски, француски, хрватски, шпански, норвешки, холандски, грчки, романски, чешки и кинески

во својата понуда доставил највисока цена споредено со понудената цена за останатите странски јазици, но и во однос на понудите од другите два економски оператори.

Наведената состојба укажуваат на неусогласеност со начелата од ЗЈН определени со членовите 3, 4, 5, 7 и 8 и влијае на нерационално користење на јавните средства.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да осигурат дека, при доделување на договор за јавна набавка, одбран е соодветниот вид на постапка и истата е спроведена на начин кој овозможува целосна примена и почитување на начелата определени со законската регулатива.

4.4.3. Во 2020 година, во деловните книги на ЈРП МРТ Скопје, евидентирани се расходи за поштенски, телефонски и интернет услуги во вкупен износ од 8.371 илјади денари. Со ревизијата констатиравме дека кај дел од нив во износ од 4.532 илјади денари (без вклучено ДДВ) не е спроведена соодветна контрола на цените на извршените услуги во однос на склучениот договор и не е приложена соодветна поткрепувачка документација и тоа:

- склучен е договор со национален телекомуникациски оператор[39] со вредност од 3.500 илјади денари (без вклучено ДДВ), при што набавени се услуги за користење на видео линии во износ од 2.551 илјади денари. Со извршениот увид во доставените фактури и склучениот договор констатиравме дека одредбите од договорот не се прецизни за начинот на фактурирање за извршената услуга. Имено, од страна на одговорното лице посочено е дека при изготвување на фактурата се зема во предвид оддалеченоста на локацијата од каде се врши преносот изразена во километри, заедно со вклучениот попуст, но истото не е определено со одредбите од договорот и
- за извршените услуги за монтажа и демонтажа од правно лице „ТВ Сцена“ ДООЕЛ Скопје, кое е основано од ЈРП МРТ, исплатени се 1.981 илјади денари, по цени кои се утврдени во неговиот Ценовник за услуги прифатен со Одлука[40] од страна на поранешниот Деловен колегиум на МРТ. При тоа, утврдените цени се варијабилни (од-до) без да се наведат критериуми со кои ќе се определи точната цена за извршената услуга. Истовремено износот на фактурите е зголемен за 15% за консултантски услуги и надзор при изведбата и покрај тоа што со Ценовникот не е предвиден таков вид на расход.

Наведените состојби не се во согласност со член 472 став 4 од ЗТД согласно кој

[39] број 02-594/2 од 05.02.2020 година

[40] Одлука за прифаќање на Ценовникот за услуги од ТВ Сцена ДООЕЛ број 02-3627/1 од 26.05.2005

е пропишано дека деловните книги треба да се водат врз основа на веродостојна сметководствена документација, што влијае на рационалното користење на јавните средства.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да осигурат дека договорите кои се склучуваат содржат прецизни одредби за начинот на реализација на набавката, фактурирањето и плаќањето на истата.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3 и 4.4. се однесуваат на:

- недонесени стратешки, плански, програмски и подзаконски акти;
- непрецизни одредби во дел од барањата и описот на работните задачи пропишани со актот за организација и систематизација;
- неусогласени акти за пресметка на плата со важечките законски одредби;
- не е воспоставена единица за внатрешна ревизија;
- неизвршен упис на основната главнина на претпријатието во надлежниот регистар;
- нецелосно спроведен попис на средствата и обврските на крајот на годината;
- утврдени неправилности во износ од 2.145 илјади денари поради несоодветна евиденција на залихи;
- невоспоставен начин на следење на преземените мерки за наплата на побарувањата постари од пет години;
- неправилности во пресметката на работната успешност, како и во дел од додатоците и надоместокот кој се исплаќа при боледување;
- неправилности во начинот на планирање, доделување на договорите за јавни набавки и реализација на склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното радиодифузно претпријатие “Македонска радиотелевизија Скопје” на ден 31 декември 2020 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во

финансиските извештаи на Јавното радиодифузно претпријатие “Македонска радиотелевизија Скопје”, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Членовите на Програмскиот совет се именувани во 2014 година со Одлука[41] од Собранието на РМ и имаат мандат од 5 години како што е утврдено во член 118 став 2 од ЗААВМУ. Иако нивниот мандатот на 15.12.2019 година истекол, од страна на Собранието на РСМ не е распишан јавен повик за избор на нови членови на Програмскиот совет во рок од најдоцна шест месеци пред истекот на нивниот мандат. Иако со истечен мандат, Програмскиот совет во февруари 2020 година со Одлука[42] именувал членови на Надзорниот одбор. Сето наведено, од нормативно – правен аспект ги доведува во прашање овластувањата и вршењето на надлежностите од страна на Програмскиот совет и Надзорниот одбор.

Ревизијата укажува дека согласно член 130 став 6 од ЗААМУ, директорот и заменикот на директорот на ЈРП МРТ Скопје ги избира Програмскиот совет врз основа на претходно спроведена постапка на јавен конкурс и поднесена програма за работа за период од три години со можност за повторен последователен избор. Раководните лица се именувани, согласно менаџерските договори од февруари 2018 година и во текот на 2021 година нивниот мандат е истечен. До денот вршење на ревизијата не е објавен конкурс за избор на директор и заменик на директорот на ЈРП МРТ, бидејќи Програмскиот совет кој треба да го распише конкурсот е со истечен мандат, што влијае вршењето на надлежностите од областа на дејноста кои се уредени со член 132 од ЗААМУ да е без доделено законско овластување.

За целосно, континуирано и законско работење на ЈРП МРТ, укажуваме на потребата Собранието на РСМ да изврши именување на членови на Програмскиот совет, кој согласно утврдени надлежности по член 124 став 1 алинеја 5 од ЗААМУ би извршил избор на Надзорен одбор, директор и заменик на директорот на ЈРП МРТ.

6.2. Со измена на член 69 од Колективниот договор на ЈРП МРТ, се воведуваат коефициентите на сложеност за директорот и заменик директорот, поради што во октомври 2020 година потпишани се договори за изменување и дополнување на нивните менаџерски договори.

Горенаведеното не е во согласност со членовите 2 и 5 од Колективниот договор, каде директорот претставува овластено лице согласно закон, кое ја претставува ЈРП МРТ и е една од засегнатите страни во Колективниот договор заедно со претседателот на Синдикалната организација при ЈРП МРТ и вработените.

---

[41] Одлука за именување на членови на ПС на МРТ број 07-4684/1 од 15.12.2014 година
[42] Одлука за именување на членови на НО на ЈРП МРТ број 02-1007/3 од 05.02.2020 година

Сметаме за потребно да укажеме дека вклучувањето на директорот и заменик на директорот во иста група со вработените може да ја доведе во прашање нивната независност и објективност при донесувањето на одлуки и да предизвика судир на интереси кога тие одлуки се однесуваат на одредбите од Колективниот договор, а воедно може да претставува ограничувачки фактор при функционирање на Синдикалната организација при ЈРП МРТ. Од тие причини сметаме дека раководните органи треба да се изземат од одредбите за исплата на плата во Колективниот договор.

6.3. Од доставените информации и направените анализи за активните судски постапки кои се започнати во последните 5 години, констатиравме дека ЈРП МРТ пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 27 судски предмети и тоа:

- во својство на тужител, ЈРП МРТ се јавува во 16 предмети по кои вкупните побарувања изнесуваат 35.504 илјади денари. Најголемите дел од нив или 24.109 илјади денари од вкупното побарување се водат за неподмирен долг, 11.304 илјади денари се однесуваат на стекнување без основ, додека останатите се по други основи.
- во својство на тужена странка, ЈРП МРТ се јавува во 11 предмети по кои долгот изнесува вкупно 54.979 илјади денари. Најголем дел од вредноста на тужбеното барање се однесува на неподмирен долг во износ од 50.859 илјади денари, 4.081 илјади денари се однесуваат на работни спорови, неисплатен авторски хонорар и повреда на авторско право и останатиот дел е по други основи.

За наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на претпријатието.

6.4. Сметаме за потребно да ги истакнеме состојбите во однос на преземените обврските спрема добавувачите во земјата и странство, како и обврските по земени краткорочни и долгорочни кредити во земјата и странство.

6.4.1. Врз основа на спроведена анализа со состојба на 31.12.2020 година констатиравме дека обврските спрема добавувачите во земјата и странство изнесуваат 61.039 илјади денари и истите се помали за 54% во однос на претходната година и за 82% во однос на 2016 година. Континуирано намалување на износот на вкупните обврски е резултат на преземените активности за подмирување на заостанатиот долг, но и навремено сервисирање на тековните обврски согласно однапред предвидениот прилив на средства кој ЈРП МРТ го добива од МИОА, за разлика од претходниот период (пред 2018 година) кога финансирањето на јавниот радиодифузен сервис било со средства од наплатената радиодифузна такса.

На следниот графикон прикажани се обврските на ЈРП МРТ во земјата и странство во периодот од 2016 до 2020 година изразени во илјади денари.




Графикон бр.3 - Обврски спрема добавувачите
во земјата и странство во период од 2016 до 2020 година

Од графичкиот приказ се забележува тренд на намалување на обврските спрема добавувачите во земјата и странство во 2020 година во однос на обврските во период 2016 и 2017 година.

6.4.2. За градежен објект, зграда на РТВ-дом, евидентирана во ИЛ бр.9157 со сегашна вредност од 65.952 илјади денари, АКН по службена должност донела потврда за исправка на грешка[43], со која согласно решение[44] и одлуки на Владата на РМ е одземено право на користење/сопственост на земјиште и објектите на ЈРП МРТ, при што како сопственик на објектите се запишува РМ.

По овие промени во АКН, со одлуки на Владата на РМ недвижностите се даваат на користење на државни органи и институции и покрај тоа што ЈРП МРТ е задолжена да го плати долгот по основ на не сервисирани кредитни обврски за изградба на РТВ-домот (зграда 1, 2 и 3), за кои во периодот од 1982 – 1984 година, Радио Телевизија Скопје има склучено договори за одобрување на девизни инвестициони кредити од Париски и Лондонски клуб на доверители.

Со одлука[45] на Владата на РМ, усвоен е делбениот биланс за поделба на имотот, средствата, правата и обврските на поранешното ЈРП "Македонска радиотелевизија" на новоосnованите ЈРП МРТ и ЈП МРД со состојба на 31.12.1998 година при што ЈРП МРТ го презела долгот по основ на кредитните обврски за Париски и Лондонски клуб на доверители во вкупен износ од 134.407 илјади

[43] Потврда за исправка на грешка бр.1121-2286/2015 од 06.02.2015 година
[44] Решение ДН бр. 7055 од 03.06.1994 година
[45] Одлука на Владата на РМ бр.23-5741/1 од 29.12.2003 година (Сл. Весник на РМ бр.84/2003)

денари. Овие обврските, се платени од Министерството за финансии во 2006 и 2007 година, при што во декември 2011 година донесена е Одлука[46] на Владата на РМ, со која се врши отпишување на побарувањата на Министерство за финансии од ЈРП МРТ во износ од 154.374 илјади денари. Во јуни 2012 година, со донесување на нова Одлука[47] престанала да важи одлуката за отпис на побарувањата. На барање на Министерството на финансии, склучен е договор[48] за регулирање на вкупно достасани побарувања во износ од 163.555 илјади денари. Согласно договорот, МРТ има обврска да го отплати главниот долг, во рок од 11 години, со вклучен грејс период од 3 години, на 96 еднакви месечни рати, со тоа што првата рата доспева на 01.08.2013 година, а завршува со последна рата на 01.07.2024 година.

Поради неможноста да ги сервисира своите обврски, Министерство за финансии бара по судски пат наплата на кредитни обврски со законска казнена камата (9.045 илјади денари) за што во 2017 година донесена е пресуда[49] за наплата на износ од 172.600 илјади денари. Во 2020 година платен е износ од 14.740 илјади денари со вклучена камата.

6.4.3. Долгорочните обврски на ЈРП МРТ кон АД „Аеродроми на Македонија“ - Скопје, се однесуваат на Договор за регулирање на финансиски обврски[50], склучен по донесена пресуда[51] од ОС Скопје 2 Скопје, која е потврдена со пресуда од Апелациониот суд во Скопје[52]. Финансиските обврски се однесуваат на невратена позајмица од 2007 година во износ од 2,6 милиони евра, чиј рок на враќање бил до февруари 2009 година. Со одредбите од склучениот договор определено е главниот долг на износ од 159.095 илјади денари и камата во износ 99.311 денари да се плаќаат на рати во период од 20 години почнувајќи од 01.07.2014 година. На крајот на 2020 година неподмирениот долг изнесува 174.423 илјади денари.

Ревизијата има обврска да истакне дека во 2020 година има значително намалување на обврските спрема добавувачите, но обврските по земени краткорочни и долгорочни кредити во земјата и странство се сè уште големи и истите може да има негативно влијание на ликвидноста на субјектот во идниот период.

6.5. Работењето и развојот на ЈРП МРТ се финансира согласно член 105 став 1 од ЗААВМУ и истите во 2020 година во најголем дел се обезбедуваат од Буџетот на РСМ. Согласно член 45 од завршните и преодни одредби на законот,

[46] Одлука на Владата на РМ бр.51-7760/1 од 22.10.2011 година (Сл. Весник на РМ бр.171/2011)
[47] Одлука на Владата на РМ бр.41-4853/1 од 03.07.2012 година (Сл. Весник на РМ бр.85/2012)
[48] Договор бр.03-447/1 од 16.01.2014 година помеѓу Министерство за финансии и ЈРП МРТ
[49] Пресуда I ТС-388/17 од 12.10.2017 година
[50] Договор бр.03-242/1 од 14.01.2013 година
[51] Пресуда бр.5 ТС-121/10 од 25.11.2011 година
[52] Пресуда бр. ТСЖ - 538/12 од 20.06.2012 година

средствата од Буџетот се утврдени и тоа: во 2019 година издвојувањето од Буџетот е утврдено на 0.8%, во 2020 година изнесува 0.9% и почнувајќи од 2021 година треба да изнесува 1%.од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот. Покрај обезбедените буџетски средства ЈРП МРТ остварува приходи од комерцијални дејности во кои спаѓаат: продажба на рекламно време (маркетинг), обезбедување услуги во земјата и странство (технички услуги, отстапени права), закупнини и останати приходи (камати, курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години и сл.).

Со укинување на радиодифузната такса во септември 2017 година[53], надлежноста за утврдување и наплата на обврската за неплатена радиодифузната такса преминала кај УЈП. Иако УЈП требала да отпочне со постапка за присилна наплата на радиодифузната такса, оваа активност не е реализирана, поради што приходот од наплата на радиодифузна такса е многу мал и има постојан тренд на опаѓање. Со извештајот за извршен годишен попис за 2019 година, направена е целосна исправка на побарувањата од радиодифузна такса во износ од 703.072 иљади денари.

На следниот графикон прикажана е структурата на остварени приходи во периодот 2015 – 2020 година изразена во иљади денари:




Графикон бр.2 - Структурата на остварени приходи
во периодот 2015 – 2020 година

[53] Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр.132 од 20.09.2017 година) се укина обврската за радиодифузната такса.

Од графичкиот приказ можеме да согледаме дека буџетските средства имаат пресудно влијание во развојот и работењето на јавното претпријатие, додека остварените приходи од комерцијалните дејности претставуваат незначителен износ и имаат постојан тренд на опаѓање. Укажуваме на потребата од определување на долгорочни цели за раст и развој на ЈРП МРТ и дефинирање на годишни планови за нивно остварување во насока на зголемување на нејзината привлечност кај јавноста и остварување на поголем износ на приходи од комерцијално работење.

6.6. Обрнуваме внимание дека во 2020 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ врз основа на договор за донација[54] на 01 април 2020 донирала финансиски средства на ЈРП МРТ, во износ од 30.000 илјади денари. Донацијата е доделена за справување со последиците предизвикани од вирусот КОВИД – 19 и е наменета за набавка на заштитни средства за вработените, како и за трошоци поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и други програми чија цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија. ЈРП МРТ за искористените средства од донацијата изготвила Финансиски извештај[55]. Со увид во доставената документација, ревизијата констатира дека потрошени се 29.982 илјади денари од доделената донација за набавка на заштитни средства (маски, ракавици, заштитни визири и средства за дезинфекција) во износ од 804 илјади денари, додека 29.178 илјади денари се потрошени за производство, набавка и емитување на програми. Покрај овие средства, во текот на 2020 година, дополнително се набавени заштитни средства за вработените во износ од 179 илјади денари.

[54] Договор за донација бр.03-1707/1 од 25.03.2020 година
[55] Бр.03-6314/1 од 30.12.2021 година

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 2.511 | 2.823 |
| Останати приходи | 3.2. | 1.003.245 | 921.750 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **1.005.756** | **924.573** |
| | | | |
| Залиха на почетокот на периодот | 3.3. | 4.564 | 4.706 |
| Залиха на крајот на периодот | 3.3. | 4.564 | 4.564 |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.4. | 33.817 | 32.914 |
| Трошоци за услуги | 3.5. | 31.751 | 33.214 |
| Останати трошоци од работењето | 3.6. | 301.252 | 168.793 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.7. | 441.795 | 412.635 |
| Трошоци за амортизација | 3.8. | 65.934 | 61.533 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.9. | 6.049 | 703.636 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 3.10. | 30.859 | 5.620 |
| Останати расходи | 3.11. | 16.095 | 15.632 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **927.552** | **1.433.977** |
| | | | |
| **Финансиски приходи** | 3.12. | **6.432** | **4.254** |
| **Финансиски расходи** | 3.13. | **10.169** | **21.854** |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | 74.467 | (527.146) |
| **Данок од добивка** | 3.14. | **8.718** | |
| | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 3.15. | 65.749 | (527.146) |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2020 | 2019 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 89.685 | 4.837 |
| Побарувања од поврзани друштва | | 0 | 641 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 10.461 | 13.474 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 1.660 | 995 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 138 | 4.809 |
| Побарувања од вработените | 4.5. | 1.324 | 830 |
| Останати побарувања | 4.6. | 24.136 | 24.628 |
| АВР | 4.7. | 112.471 | 95.639 |
| Залихи | 4.8. | 9.350 | 7.818 |
| **Вкупно тековни средства** | | **249.225** | **153.671** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.9. | 3.621 | 5.540 |
| Материјални средства | 4.10. | 444.501 | 506.209 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.11. | 953 | 953 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **449.075** | **512.702** |
| **Вкупна актива** | | **698.300** | **666.373** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.12. | **41.004** | **41.315** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 4.13. | 2.991 | 707 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.14. | 61.039 | 112.483 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.15. | 79 | 79 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.16. | 141.818 | 147.267 |
| Обврски спрема вработените | 4.17. | 37.026 | 24.185 |
| Останати краткорочни обврски и краткоро. резервирања | 4.18. | 2.229 | 1.875 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.19. | 170.780 | 185.520 |
| ПВР | 4.20. | 27.084 | 19.549 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **443.046** | **491.665** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.21. | 100.804 | 69.946 |
| Долгорочни обврски | 4.22. | 173.020 | 189.081 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **273.824** | **259.027** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.23. | 421.155 | 421.155 |
| Резерви | | 0 | 3.787 |
| Акумулирана добивка | | 0 | 17.885 |
| Пренесена загуба | 4.24. | 505.474 | 0 |
| Добивка од тековната година | 4.25. | 65.749 | 0 |
| Загуба од тековната година | 4.25. | 0 | 527.146 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **(18.570)** | **(84.319)** |
| **Вкупна пасива** | | **698.300** | **666.373** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.26. | **41.004** | **41.315** |

**ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2020 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | Загуба од тековната година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 година | 421.155 | 3.787 | 17.885 | - | (527.146) | (84.319) |
| Добивка за деловна година | - | - | - | 65.749 | | 65.749 |
| Покривање на загубата на терет на добивката | - | - | (17.885) | - | 17.885 | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | - | (3.787) | - | - | 3.787 | - |
| Состојба 31.12.2020 година | 421.155 | - | - | 65.749 | (505.474) | (18.570) |

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА

| | 000 денари |
|---|---:|
| | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | 65.749 |
| Амортизација | 65.934 |
| **Вкупно** | **131.683** |
| Промени во побарувања од купувачи | 2.989 |
| Промени во останати краткорочни побарувања | (2) |
| Промени во побарувања од државата и други институции | 4.671 |
| Промени во залихи | (1.532) |
| Промени во АВР | (16.832) |
| Промени во обврски спрема добавувачи | (49.160) |
| Промени во останати краткорочни обврски | (6.994) |
| Промени во ПВР | 7.535 |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **72.358** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (2.307) |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(2.307)** |
| Промени во долгорочни кредити | 14.797 |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **14.797** |
| **Промени на паричните средства** | **84.848** |
| **Парични средства на почеток на година** | **4.837** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **89.685** |

ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 30.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 19-985/3 | | |

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 03-3216/3
27 05 2022 год.
СКОПЈЕ

# ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

## Одговор по препораки по основ на нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020

Скопје
мај 2022

Македонската радиотелевизија е јавен радиодифузен сервис на Република Македонија основан од Република Македонија и единствено јавно радиодифузно претпријатие од овој тип.

Основна дејност на Македонската радиотелевизија е производство и емитување програма на територијата на Републиката и по својата основна функција е различна од останатите јавни претпријатија во нашата држава. Македонската радиотелевизија е творечки-креативна институција, која согласно домашната и европската легислатива ја извршува својата функција независно од какво било надворешно влијание, освен од јавноста, односно својот аудиториум.

Праксите на работење на Македонската радиотелевизија се утврдени години наназад, а во денешни услови јавниот радиодифузен сервис работи врз основ на тие пракси, унапредени со новите законски одредби. МРТ работи во специфични законски услови, кога станува збор за домашната легислатива, што подразбира ограниченост во одредени делови на нејзиното работење. Имено, во Нацрт-ревизорскиот извештај неколку пати е споменато Македонската радио телевизија да вработи квалитетни кадри, меѓутоа земајќи ги предвид законските регулативи, МРТ нема можност да вработи кадри за пополнување на испразнетите работни позиции со оглед на тоа што се неопходни согласности од Министерствата за нивно ангажирање, за кои иако МРТ има обезбедено средства во Буџетот многу тешко се добиваат. Како програмскиот, така и административниот дел, функционираат во многу отежнати услови поради тоа што скоро и да нема пополнување на испразнетите работи места.

Истовремено, во МРТ вработените се поделени на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно-технички лица, кои исто така функционираат врз основ на различни закони и не постои можност за нивно поместување и прераспоредување, додека шансите за напредување се минимални, со оглед на тоа дека и за тоа е потребна согласност од надлежните министерства.

Работењето на МРТ е дефинирано со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски **услуги, Статутот на МРТ, Колективниот договор на МРТ, меѓутоа исто така е утврдено и со Законот за медиуми, Законот за работни односи, Закон за јавни претпријатија, Закон за јавни** набавки, Закон за јавна финансиска контрола, Закон за трговски друштва, Закон за административни службеници, Закон за даватели на јавни услуги, Етичкиот кодекс на сите вработени во МРТ итн...

Македонската радиотелевизија е редовна членка на Европската радиодифузна унија од 1993 година и мора да ги следи правилата и принципите на функционирање на јавните радиодифузни сервиси како што е пропишано во актите на ЕБУ. Исто така, како јавен радиодифузен сервис работењето на МРТ е дефинирано во ратификуваните препораки на Европската унија, односно: Европската директива за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги[1], Резолуцијата бр. 1 за иднината на јавните радиодифузни сервиси од 1994 година, Препораката 2 (2007)3 на Комитетот на министри[2], членот 10 од Европската конвенција за човекови права и право на слободно изразување[3].

Во сите овие документи, препораки, како и во ЗААМУ и Законот за медиуми најосновната порака е заштитата на уредувачката политика и нејзината независност, односно слободата на уредувачката политика на уредниците во јавниот радиодифузен сервис пред се.

Цениме дека Државниот завод за ревизија на Република Македонија треба да ги земе предвид сите наведени информации при оформувањето на конечната верзија на Ревизорскиот извештај.

***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***

[1] http://avmu.mk/legislativa/evropska-legislativa/direktiva-za-audiovizuelni-mediumski-servisi/
[2] http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Recommendation_Rec_MKD.pdf
[3] https://dzlp.mk/sites/default/files/u4/macedonianmacedonien.pdf

- ***препорака по Точка 4.2.2***

Во Правилникот за внатрешна организација на ЈРП МРТ бр.01-2083/3 од 24.04.2020 година во Секторот за финансиско работење предвидено е Одделение за радиодифузна такса, во кое во согласност со Правилникот за систематизација на работните места бр.01-2083/4 од 24.04.2020 година систематизирани и предвидени се вкупно 15 работни места, од кои пополнети се 5, а од втората декада на месец јуни 2022 година ова одделение ќе брои 4 вработени лица, со оглед на тоа дека едно лице ќе се пензионира. Во моментот се планира измена на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ со која бројот на предвидени работни места во рамките на Одделението за радиодифузна такса ќе се намали за да се задоволат минималните потреби за да им се излезе во пресрет на граѓаните кои имаат потреба да ја регулираат оваа јавна давачка. Во насока на законските обврски на ЈРП МРТ во рамките на надлежностите за Радиодифузната такса согласно Законот за даночна постапка, во чл.4, точка 6 се утврдува дека „Даночна постапка е постапка за утврдување и наплата на јавните приходи", додека според истиот закон во делот на Застарувањето на утврдување на данок и споредни даночни давачки во чл.110, во ст.6 се утврдува дека „Во секој случај по истекот од десет години, застарува утврдувањето на данокот и споредните даночни давачки". Со оглед на тоа дека радиодифузната такса е утврдена како јавна давачка се уште не можеме да го укинеме во целост Одделението за РД Такса, со овој број на вработени шалтерот за РД Такса за прием на барања од странки ќе може да функционира и наредниот период се до целосно исполнување на законските одредби за целосна застареност на даночните **побарувања или најкасно до октомври 2027година.**

**Што се однесува на забелешката на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ, каде кај поголемиот** дел на работни позиции на даватели на услуги и помошно-технички лица не е прецизиран конкретен вид на образование, односно дека е наведено само средно/високо што е спротивно на член 17 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор како и спротивно на членот 19 став 2 од ЗРО, Ве известуваме дека при изготвувањето на правилниците ЈРП МРТ постапи согласно

член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор, односно актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места во ЈРП МРТ, раководното лице на институцијата ги донесе по претходна согласност од Министерството за информатичко општество и администрација во однос на нивната меѓусебна усогласеност како и нивната усогласеност со одредбите од Законот за вработени во јавен сектор. Имено поради специфичноста на дејноста како и поради разли-видови на образование во одделенијата со поголем број на вработени во ЈРП МРТ, до МИОА при изготвувањето на актот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ доставивме барање за исклучок бр.03-2083/7 од 27.04.2020 година, односно побаравме да ни биде овозможено кај работни места, кои беа наведени во извештајот на ДЗР, во условите за видот на образование да биде наведено само средно, односно високо образование. Ова барање за исклучок се однесува на најголемиот дел на работни места со статус на давателите на услуги како и на помошно-техничките лица. Имајќи ја во предвид специфичната ситуација во ЈРП МРТ, МИОА излезе во пресрет на барањето за исклучок и даде согласност на актот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ.

- ***Препорака по точка 4.2.3***

Врз основа на членот 104 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги "Република Македонија е основач на МРТ и истата има статус на јавно претпријатие и работи на начин и под услови утврдени со овој закон (ЗААВМУ) и актите донесени врз основа на него". Од тој аспект, делот на плата и надоместоци на плата на вработените во ЈРП МРТ се утврдени во Колективниот договор на ЈРП МРТ, со тоа што за секое работно место е утврден коефицинет на сложеност кој се множи со пресметковната вредност за коефицинет 1 утврдена во Колективниот договор. Во членот 85 став (1) од Законот за административни службеници е предвидено дека "Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, **освен ако** со посебен закон и **со колективен договор поинаку не е уредено**", како и член 25 од Законот за вработени во јавен сектор е утврдено дека "Вработените во јавниот сектор за својата работа имаат право на плата согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и **колективните договори**". Значи да нагласиме уште еднаш дека начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плати на вработените во ЈРП МРТ е утврден во Колективниот договор на ЈРП МРТ, што не е во спротивност

на ЗАС и ЗВЈС, и не е во спротивност со ЗРО односно во ЈРП МРТ нема вработен кој за полно време прима плата помала од предвидената минимална плата согласно закон.

Во делот во кој се забележува дека висината на вредноста на коефициентот е еднаква со нето износот на минималната плата во РСМ што не соодвествува со воспоставениот начин на пресметка и исплата на бруто плата на работниците во РСМ, односно не е во согласност со член 3 од Законот за исплата на платите и член 1 од правилникот за утврдување на износот на средства за исплата на плати, Ве информираме дека наведеното во нацрт извештајот (согласно законските прописи и Стаутот на ЈРП МРТ), во пропишаната процедура согласно актите на ЈРП МРТ може да се корегира Колективниот Договор на ЈРП МРТ. Во членот 67, пресметковната вредност на коефициент 1 ќе биде утврдена во бруто износ, меѓутоа како потписници на Колективниот договор на ЈРП МРТ согласни за истото треба да бидат Програмскиот совет на МРТ и Синдикалната организација при МРТ, а одговорните служби само да го спроведат усогласениот Договор.

Во Нацрт извештајот имате наведено дека *согласно член 11 став 1 точка 6 и член 37-ц од Законот за јавните претпријатија е утврдено дека „основната плата и додатоците на плата во јавното претпријатие ги утврдува Управниот одбор, по добиена согласност од основачот на јавното претпријатие, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува директорот на јавното претпријатие". Во членот 88 од Законот за административни службеници, е утрдено дека „вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници се утврдува секоја година со одлука на Владата на РСМ". Горенаведеното укажува дека начинот на пресметка на плата, утврдена со Колективниот договор, не е усогласена со одредбите од Законот за Јавните претпријатија и Законот за административни службеници односно, вредноста на бодот на основната плата не ја утврдува директорот за давателите на јавни услуги и помошно-техничките лица и Владата на РСМ за административните службеници. Исто така, за основната плата и додатоците на плата кај давателите на јавни услуги и помошно-технички лица не се бара одобрение од основачот – Собранието на РСМ.*

Во согласност со членот 3 став 1 од Законот за јавни претпријатија кој упатува на тоа дека „јавни претпријатија од областа на радиодифузијата се основаат под услови и начин утврдени со закон",

повторно ќе се навратам на членот 104 од Законот за аудио и адуиовизуелни медимумски услуги, во кој е предвидено дека "Република Македонија е основач на МРТ и истата има статус на јавно претпријатие и **работи на начин и под услови утврдени со овој закон (ЗААВМУ) и актите донесени врз основа на него**". Значи ЗААВМУ е lex specialis за ЈРП МРТ и актите кои прозилегуваат од него. Исто така членот 85 став (1) од Законот за административни службеници во делот на пресметката и исплата на плата и надоместоци на плати на административните службеници дава можност истите да бидат регулирани со колективен договор, што е случај со Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија.

Во Колективниот договор и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати во ЈРП МРТ, на вработени кои што се на исто ниво, утврдени им се различни коефициенти, поради што се исплатува различна плата иако согласно ЗАС, ЗЈП и ЗРО, платата на исто ниво треба да е еднаква, односно условите се утврдени за секое работно место поединечно. Оваа состојба има за ефект субјективен пристап при утврдувањето на висината на платата.

При изготвувањето на каталогот на работните места во јавниот сектор по стапувањето на сила на важечките закони во 2015 година (ЗВЈС, ЗАС, ЗЈП) утврдени се називитите, групите, категориите и нивоата за секое работно место во ЈРП МРТ. Факт е дека во ЈРП МРТ кај вработените со статус даватели на јавни услуги и помошно-техничките лица има работни места кои се на исто ниво, но имаат различен коефициент на сложеност. Оваа состојба планирано е да се корегира при изработката на нова систематизација и нов каталог на работни места каде во соработка со МИОА ќе се утврдат нивоата и ќе бидат сите работни места нивелирани на соодветно ниво и нема да има по 2 звања кои се на исто ниво. Потоа задолжително ќе треба да се пристапи кон измена на Колективниот договор во делот на коефициенти на сложеност за чие донесување ќе треба согласност од потписниците на истиот.

Делот што се однесува на *пресоналните досијеа на раководните органи и вработените во ЈРП МРТ каде што кај некои од нив утврдено е дека истите се некоплетни т.е. недостасуваат документи за докажување на општите услови утврдени со законска регулатива, доказ за работно искуство како и доказ за општите и посебните работни компетенции за соодветното работно место. Кај дел од нив документацијата за завршено образование е фотоко-*

*пија, без заверка на нотар,* Ве известуваме дека, вработените кои својот работен однос го засновале во ЈРП МРТ по 2016 година, во досиејата ги имаат комплетно документите кои биле потребни и кои се барале на објавениот оглас, додека останатите кои се вработени пред 2016 година имаат доставено документи, кои во согласност важечките законски прописи за тој период, биле барани согласно условите кои требало да бидат исполнети во тој период. Одделението за човечки ресурси ќе ги контактира вработените и ќе им укаже кои документи треба да ги достават за да им се комплетираат досиејата согласно препораките од ДЗР.

Во Нацрт извештајот на ДЗР, под точка 4.2.3, се наведува дека *„На вработените со статус на даватели на услуги како и помошно-техничките лица, кои едновремено земаат успешност како дел од плата, не е извршено оценување во согласност со член 7 од ЗВЈС и член 37-п од ЗЈП согласно кои вработените со наведениот статус се оценуваат еднаш годишно".* Со оглед на тоа дека ЈРП МРТ има донесено Правилник за критериуми за спроведување на оценување на даватели на јавни услуги и мерките за одличен и слаб ефект кој е неприменлив во пракса поради не постоењето на критериуми/начин кои ке доведат до крајно 5% од вработените со статус на даватели на услуги кои ке бидат оценети со цена 5. Истакнуваме дека поради тоа, а во согласност со член 7 од ЗВЈС во процедура е изготвување на нов Правилник за оценување на даватели на услуги и на помошно-технички лица кој треба да се донесе во текот на 2022 година, со тоа што истакнуваме дека во Одделението за правни и нормативни работи и Одделението за човечки ресурси е започната концептуалната постапка заради донесување на наведениот Правилник.

- ***Препорака по точка 4.2.4***

**Во однос на воспоставувањето и екпирањето на единицата за внатрешна ревизија, ЈРП Македонска радиотелевизија уште со Правилникот за внатрешна организација од 2016 година, како и со** Правилникот за внатрешна орrганизација од 2020 година има предвидено воспоставување на Сектор за внатрешна ревизија составен од две одделенија: - Одделение за финансиска ревизија и усогласеност (регуларност) и – Одделение за ревизија на системите на внатрешна

контрола и ИТ ревизија. Во рамките на Секторот за внатрешна ревизија со Правилникот за систематизација на работние места во ЈРП МРТ од 2020 година систематизирани се вкупно 9 (девет) работни места. Притоа имајќи ја во предвид значајноста на Секторот за внатрешна ревизија во функционирањето на ЈРП МРТ направени се обиди за екипирање на Секторот, меѓутоа имајќи ги во предвид движењата на платите на пазарот на трудот за луѓето кои имаат сертификат за овластени ревизори (сертификатот е во делот на посебните услови утврден во актот за систематизација) ние и покрај неколкуте јавни огласи сепак не успеавме да ангажираме лица кои ќе ги извршуваат работните задачи предвидени согласно актите за внатрешна орграанизација и систематизација. Со стапувањето во сила на Законот за враоботени во јавен сектор, вработувањата во јавениот сектор се спроведуваат врз основа на Годишни планови за вработување. Во Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈРП МРТ бр.04-887/4 од 21.02.2018 година имаше предвидено 2 работни места за вработување во Секторот за внатрешна ревизија и тоа Раководител на Сектор за внатрешна ревизија и Раководител на Одделение за финансиска ревизија и усогласеност (регуларност). Во таа насока беше објавен јавен оглас 01/2018 за вработување на 7(седум) јавни службеници во ЈРП Македонска радиотелевизија, заведен под број 04-4645/1 од 07.08.20218 година, во прилог и Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.01-1300/4 од 29.08.2018 година од Комисијата за селекција за вработување – Агенција за администрација, Листа на уредни и неуредни кандидати по оглас бр.01/2018 – ЈРП Македонска радио телевизија. Со оглед на тоа дека на овој оглас не беа пополнети работните места во Секторот за внатрешна ревизија, повторно беше објавен Јавен оглас 02/2018 за вработување на тројца јавни службеници во ЈРП МРТ заведен под бр.04-5895/2 од 09.11.20218 година, меѓутоа ниту на овој оглас не беа пополнети двете места во Секторот за внатрешна ревизија. Во годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2019 година кој требаше да биде донесен до 1 март во тековната 2018 година, не беше предвидено дополнително вработување во Секторот за внатрешна ревизија со оглед на фактот дека истите требаше да се реализираат две вработувања во Секторот за внатрешна ревизија во текот на 2018 година. Меѓутоа планот за вработување за 2019 не доби согласност од надлежните институции. Поради носењето на новите акти за внатрешна орграанизација како и за систематизација на работните места,

Годишниот план за вработување за 2020 година на ЈРП МРТ, во кој беа предвидени истите работни места како и во планот за вработување од 2018 година, беше доставен до Министерството за финансии од каде добивме позитнивно мислење, но за жал не добивме позитивно мислење од МИОА, поради тоа не можевме да ги реализираме планираните вработувања. Од тој аспект, кога го добивме позитивното мислење од Министерството за финансии за планот за 2020 година, при изготвувањето на годишниот план за вработување за 2021 година повторно не беа планирани работните места во Секторот за внатрешна ревизија. Поради запазување на роковите при изготвувањето на Годишниот план за вработување на ЈРП МРТ за 2022 година побарани се за пополнување на онолку работни места колку што ќе се испразнат со заминувања во пензија на вработени во ЈРП МРТ, а имајќи ги во предвид одредбите од членот 20-б став 11 од ЗВЈС ќе пристапиме кон измена во Годишниот план за вработување со тоа што ќе предвидиме пополнување на 2 работни позции по пат на јавен оглас во Секторот за внатрешна ревизија.

ЈРП МРТ ќе направи напори да од своите веќе постоечки кадри, кој ќе ги задоволуваат предвидените услови и криетериоуми за работното место, по пат на мобилност да направи прераспоредување во овој Сектор.

- ***Препорака по точка 4.3.1.***

Забелешка констатирана во Нацрт извештај од овластен државен ревизор за 2020 година *за евидентираната главнина во деловните книги на ЈРП МРТ во износ од 421.155 илјади денари, но истата не е запишана во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Центарлен регистар на ЦРМ, што не овозможува да се потврди точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на основната главнина во Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година.*

Во врска со оваа забелешка во Нацрт извештајот од овластен државен ревизор за 2020 година, Ве информираме дека евидентираната главнина во деловните книги на ЈРП МРТ е согаласно делбениот биланс со состојба на 31.12.1998 година, по основ на донесена Одлука на Влада на РМ за усвојување на делбениот биланс за поделба на имотот, средствата, правата и обврските на поранешното Јавно радиодифузно претпријатие МРТ, на новонастанатите: ЈПМакедонска радиотелевизија и ЈП Македонска радиодифузија

објавено во службен весник на РМ Бр.84/2003 на 30 декември 2003 година.

Како што е наведено и во Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор, со цел решавање на ова прашање Раководството на ЈРП МРТ во повеќе наврати има испратени дописи до Собранието на РСМ (2019-2021) за преземање на мерки и активности во соработка со сите надлежни институции, се со цел утврдување на основачкиот влог и негово впишување во Централен регистар на РСМ.

Во прилог (1) Ви доставуваме, Службен весник бр.84 од 30 декември 2003 година и Делбен биланс (Биланс на состојба со дата 31.12.1998 година за Радиодифузно претпријатие МРТ и ЈП Македонска радиодифузија),изготвен од Комисијата задолжена за изготвување на Делбениот биланс на 31.12.1998 година.

- **Препорака по точка 4.3.3.**

Забелешка за *непреземање на мерки и активности, по основ на расходованите средства при вршење на попис во 2018, 2019 и 2020 година, за кои по донесена одлука за расход сеуште се во магацинскиот простор , а дел кај ракувачите кои биле задолжени со истите.*

Ве информираме дека од страна на Раководството на МРТ се преземени активности, односно изготвен и доставен е Предлог за формирање на комисија за собирање на расходованите средства до одделението за правни и нормативни работи, со цел да се спроведе постапка за физичко отстранување на овие средства, согласно препораката во Нацрт извештај на овластениот државен ревизор надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и **активности за собирање или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на овие средства за кои е утврдено дека се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени.**

Во прилог (2) Ви доставуваме, Предлог за формирање на комисија за собирање на расходовани средства и материјали во период 2018-2021 година, број 05-3384/1 од 17.05.2022 година.

- **препорака по точка бр. 4.3.5.**

*„Надлежните органи на управување и раководење да воспостават ажурна евиденција за следење на побарувањата, да ја утврдат состојбата на побарувањата за кои постои реален основ за наплата и застарување, како и навремено да преземат дејствија пред надлежните судови по однос на ненаплатените побарувања од комининтентите.“*

Во врска со Побарувањата од купувачи во земјата и странство од сметководствената евиденција од 2020 година, појаснуваме дека во истата се евидентирани предмети уште од деведесетите години па наваму, односно се работи за многу стари предмети.

За побарувањата од листата Побарувања од купувачи во земјата и странство што е во сметководствената евиденција, биле преземани законски мерки и активности за наплата на побарувањата, за што биле оформени судски предмети и поднесени тужби односно предлози за извршување врз основа на веродостојна исправа до судовите, согласно тогашната постојна законска регулатива.

Меѓутоа, некои од побарувањата се наплатени, а дел не можеле да се наплатат поради различни причини како на пример:

- за голем дел од постарите предмети каде извршувањето било спроведувано преку суд Секторот за финансии и покрај примена опомена од судот за неплатена судска такса за спроведување на извршувањето, во утврдениот рок не вршел плаќање на судската такса, поради што постапките пред судот биле запрени;
- за дел од предметите правното лице паднало во стечај или е ликвидирано, или воопшто немало имот по донесување на пресудата, а со цел наплата;
- исто така при поднесување на тужбите и предлозите за извршување немало доволно или точни податоци за називот и адресата на правното лице што било утврдено во текот на судската постапка поради што истата била запрена од страна на судот;
- има предмети за кои во текот на постапката се склучени спогодби или некои од тужбите по налог од деловен колегиум се повлечени поради различни причини итн

Сакаме да појасниме дека листата на Побарувања од купувачи во земјата и странство е во фаза на ажурирање односно во тек се активности при што се проверува секој поединечен предмет и врз основа на документите и податоците во истиот се врши ажурирање на податоците во искажаната состојба на Побарувања од купувачи во земјата и странство. Ажурирањето на податоците се врши во соработка со Одделението за сметководство и истото е отпочнато уште за време на ревизорскиот надзор.

- **препорака по точка 4.3.6.1**

Нацрт Ревизорскиот извештај го цитира самиот колективен договор на ЈРП МРТ во делот од платата за работна успешност, каде е нагласено дека *работната успешност на работникот се определува земјаќи ги во предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, заштедата на матерјали и матерјални средства, редовност на работа.* Резултатите од работењето на работникот, односно извршените работни задачи се утврдуваат секој месец врз основа на утврдените критериуми кои пооделно влијаат на зголемувањето на основната плата на работникот. Реализацијата на работните задачи на секој работник согласно овие критериуми се утврдува од страна на непосредниот раководител, а се одобрува од раководителот на повисокиот организационен дел.

Согласно Колективниот договор во член 1 јасно е нагласено дека истиот се однесува на работниците на ЈРП МРТ односно на сите вработени со статус административен службеник, со статус на даватели на јавни услуги и вработени кои вршат помошно технички работи. Со ова сакаме да нагласиме дека Колективниот договор на ЈРП МРТ не ги двои работниците на ЈРП МРТ по статус туку има за цел да ги обедини сите работници заедно.

Во колективниот договор член 70 е нагласено дека реализацијата на работните задачи на секој работник се утврдува од страна на непосредниот раководител на вработените на даватели на услуги, административни службеници или помошно технички персонал. Ова значи дека непосредниот раководител согласно Правилникот за систематизација на ЈРП МРТ, (без разлика во кое одделение или редакција припаѓа) ја организира и координира работата во одделението, редакцијата или секторот, програмскиот сервис, а во исто време од друга страна за истата работата која се спроведува во соодветното одделение одговора пред директорот на непосредниот оддел односно пред директорот на ЈРП МРТ.

Сте ги земале во предвид Правилникот за нормирање на работните задачи односно плановите за работа, но не и потребите на процесот на работа кој се одвива во секое одделение. Целокупниот организациски процес на работа во едно одделение е организиран пред се од непосредниот раководител со задавање и во исто време извршување на конкретните задачи, односно подготвување на распоредот на работните обврски за потребите на одделението и одговара за ефикасно реализирање на истите. Непосредниот раковител

од најниско ниво директно учествува во рализацијата на сите активности во оддлението, и во исто време е одговорен за квалитетна и навремена реализација при извршувањето на конкретните работни задачи и обврски.

Процесот на работа и понатаму продолжува да се одвива иако вработените во ЈРП МРТ постојано се намалуваат. Процесот на работа во едно одделение не е намален, ниту пак има настан за кој сме известени или поканети, а заради недоволно вработени лица истиот не е покриен со присуство. Работните обврски се максимално поделени на работниците, а процесот на работа продолжува. За споредба вкупен број на работници во ЈРП МРТ заклучно со 31.12.2018 се 818 лица, со 31.12.2019 се 773 лица; 31.12.2020 се 730 лица; 31.12.2021 се 704 лица. Постојаното намалување на работници во ЈРП МРТ значи и зголемен обем на работа на оние што остануваат да работат, а во исто време истата работата мора да биде извршена квалитетно. Намалувањето на работниците во просек од 6% секоја година, а нови вработувања се направени единствено кон крајот на 2021 година, и со новите дваесетина вработувања, 114 рабтници се помалку во однос на 2018 година. Ова значи дека потребите од процесот на работа, за да се заврши ефикасно, квалитетно и навремено е работна успешност на работникот или непосредниот раководител, и во никој случај не претставува нерационално користење на јавните средства. Работниот процес во една медиумска куќа не престанува со завршување на работното време на административниот работник односно не престанува со пренос на еден настан, постојано мора да има програма, постојано мора да се покриваат настани, и да се прават преноси, за кои се добиваат соодветни покани. Пренос на спортски настан значи најчесто работа за време на викенд во кој се ангажираат околу 20 лица од техничар до инжинер, за жал заради немање на доволен број на вработени дел од истите кои веќе биле ангажиран првиот ден од викендот, ќе мора да бидат ангажирани и вториот ден од викендот, а понекогаш дневно има и два преноси и процесот на работата се одвива, не застанува иако работниците се ангажирани и по 12 часа на ден. Се разбира притоа целосно се почитуваат и исплаќаат соодветните надоместоци на плата. Во Секторот за комерција и јавни набавки вкупен број на вработени се 7 лица, а во Секторот за финансиско работење исто така 7 лица. Овие 14 вработени лица од двата сектора спроведуваат, контролираат и евидентираат годишно околу од 1400 до 1500 само влезни фактури по основ на договори за јавна набавка или

програмски договори, а се спроведуваат исто толкав број само на патни налози за реализирани патувања во земјата. Согласно Вашите препораки за нормирање на работните задачи и работни обврски на админитрсативниот работник, се поставува прашањето која би била мерката за зголемен обем на работата на административниот работник? Или која е мерката дека квалитетно е извршена работната задача согласно правилникот за евидентирање на финансиска документација? Ве молиме посочете точни насоки како да се изготви еден правилник за нормирање на работните обврски со Одделот на заеднички функции и администрација. Работниот процес на движење на финансиска документација не престанува и не прескокнува ниту еден вработен во целокупниот процес на работа, напротив во континуитет се одвива. Тоа значи дека работникот кој останал да работи во ЈРП МРТ, продолжил да ја работи и својата и работните задачи на колегата на кој му престанал работниот однос. За овој работник ова претставува зголемен обем на работа, а работата мора да биде завршена квалитетно бидејќи во следниот чекор од процесот на работа ќе има застој, работа треба да биде завршена на време бидејќи сме должни да известуваме со квартални извештаи, за кои има рокови.

Нагласувате дека *кај одредени предлози за работна успешност е надминат пропишаниот процент по одделните критериуми утврдени во Колективниот договор, што може да има за ефект субјетивен пристап при исплатата на работната успешност и неосновано исплатени средства, односно дека претставува нерационално користење на јавните средства.*

Работната успешност согласно колективниот договор се утврдува по три критериуми и учествува со следните проценти: обем на извршена работа (до +10%), квалитет на извршена работа ( до +30%) и домаќински однос во вршењето на работните задачи (до +10%). Исплата на работната успешност во ниту еден случај согласно Колективниот договор не смее да надмине (до + 50%) доколку се вклучени сите три критериуми за исплата на истата. Секој од овие три критериуми пооделно и со шифра е прецизиран во делот за пресметка на платата на работникот во соодветниот софтвер кој се користи при пресметка на плата.

Одредените предлози за кои велите дека го надминале пропишаниот процент по одделени критериуми, е повеќе техничка грешка при избор на соодветната шифра од страна на референотот или пак непосредниот раководител го напишал вкупниот процент на работна успешност,

вклучувајќи ги сите три критериуми заедно, а не по секој критериум одделно. Нема ниту еден предлог за работна успешност, значи нагласувам дека во целокупната документација не постои предлог за работна успешност поднесен од непосреден раководител, а ододбрен од Директорот на ЈРП МРТ кој го надминал вкупниот процент за исплата на работната успешност (до +50%). Изборот на пооделната шифра во софтверскиот систем (за постојаното зголемување на обемот на работа, а во исто време квалитетот на извршените работни обврски односно домаќинскиот однос кон средствата што ни се дадени на располагање), не влијае врз исплатата на вкупниот процент за работна успешност кој го предложил непосредниот раководител, за да истото претставува нерационално користење на јавните средства. Со ова нагласувам дека доколку непосредниот раководетл за работникот предложил работна успешност вкупно до +20%, а притоа не ги назначил пооделно критериумите во самиот предлог, (туку назначил вкупно до +20%) раководителот на одделот ги одобрил истите, работникот ќе ги добие како зголемување на плата, по одобрување на директорот на ЈРП МРТ, бидејќи непосредниот раководител во образложение под сите три критериуми ги објаснил сите три критериуми заедно, зошто му се доделени на работникот вкупно до +20%.

- *Начинот на пресметка на работа во смени се исплаќа во континуитет независно дали вработениот сите работни часови ги поминал на работа во смени, но и кога користи платен одмор или е на боледување, е поради стрикно непрецизирање во делот за додатоци* ***на плата во член 71 од Колективниот договор на ЈРП МРТ*****. Во Колективниот договор член 71 стои основната** плата на работникот се зголемува по час и тоа за работа во смени (турнус) 5%, без дополнително објаснување за кои часови се однесува односно дали се однесува на часовите кои работникот ги поминува на работа во прва смена односно втора или трета смена на работа или пак користи платено отсуство од работа.

Доколку се спореди Колективниот договор на МРТ со Општ колективен договор за јавен сектор во делот за додатоци на плата, во член 20 од Оп шт колективен договор за јавен сектор е нагласено дека основната плата на работникот се зголемува по час

за работа во три смени 5%, каде стрикно е наведено дека правото на зголемена плата по основ на работа во смени работникот го остварува само за деновите кога работникот работи во втора и трета смена. Ова ограничувачко право не е дел од Колективниот договор на ЈРП МРТ, ниту пак е нагласено дека правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

Непосредниот секторски раководител писмено го известува Секторот за финансиско работење дека работникот е во работа на смени (турнус). Во делот на организација и координација на работниот процес, непосредниот раководтел може заради итност усно да го менува планот за работа или го прекинува платениот годишен одмор на рабоникот, па се случува иако работникот добил решение за платен годишен одмор истиот да доаѓа на работа во смени. При споредба на електронската евиденција покажува дека работникот доаѓа на работа во смена од една страна заради немање на доволен број на работници, а од друга страна постои решение за платен годишен одмор, кое го примил работникот и за истото не пуштил допис со кој ќе ги извести соодветните служби дека направил прекин по истото решение за годишен одмор.

- *„Празнична прекувремена работа“ и „празнична ноќна прекувремена работа“ се називи од пресметката на плата, кои се однесуваат на работа на празници утврдени со закон и се пресметуваат како надомест на плата што му припаѓа на работникот во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемени за 50% односно 71% (при ноќна работа).*

**Најнапред сакам да нагласам дека додатоците на плата** се за прекувремена работа, работа ноќе, работа во три смени, работа во ден на празник, работа во ден на неделен одмор, како и додаток за работен стаж, а минималните износи за додатоците на плата за одреден процентуален износ **се утврдени според Колективните договори**.

**Надоместоците на плата се исплатуваат согласно Закон**, а во случај кога работникот отсуствува од работа поради користење на годишен одмор, дообразовување, неспособност за работа поради

болест или повреда до 30 дена, или прекинат работен процес поради деловни причини.

Со ова укажувам дека терминолошки можеби и Вие во Вашиот нацрт ревизроски извештај го користите терминот „надомест на плата“, ама се однесува на додаток на плата, што е од суштинско значење при пресметката на плата, дали е додаток на плата или надоместок на плата.

Терминолошки напишаните описи „Празнична прекувремена работа“подразбира работа на празник, а „Празнична ноќна прекувремена работа“ всушност е работа на празник ноќе. Истите терминологии се веќе променети во декмври 2021, и како термини за користени зборови не влијаат при пресметката на плата и исплатата на додатокот за плата. Овие термини се користени во минатото бидејќи освен редовните часови кои се исплатувале согласно работните денови во одредена година и одреден месец, додатоците за работата на празник и ноќе биле најнапред прекувремена работата на работникот во ЈРП МРТ, а потоа работа на празник и работа ноќе.

Споредбено процентите кои се наведени се помали во однос на процентите во Општ колективен договор за јавен сектор, но не наведувате според кој Општ колективен договор за јавен сектор, поточно од која година иако уредно ви беше доставен службениот весник од каде се земени процентите за работа на празник ноќе, а беа дел од нашиот софтврски ситем за пресметка на плата. Во Општ колективен договор за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавен сектор ( Сл. Весник бр. 10/08) објавен во Службен Весник бр. 85/09 е објавена измената на член 17, дека основната плата на работникот се зголемува по час за работа ноќе 29% и работа во денови на празници зголемена за 42% или вкупно работа на празник ноќе 71%. Ова значи дека процентот за работа на празник ноќе, воопшто не е измислен во ЈРП МРТ, туку бил постоечки согласно Општ колективен договор за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавен сектор, во софтверскиот систем и по истиот се пресметувало, се до промените во 2019г. Терминологијата е промената врз основа на укажување од Државен инспекторат за труд, а процентот на исплата 71%, воопшто не е спомнат во Решението 03-192/3 од 11.01.2022г, кое го наведувате. Многу е јасно напишано во истото Решение дека

работодавачот во листите за пресметка и исплата на плата не го вметнал процентот за пресметување и исплата на додатоците на плата согласно закон и колективен договор, што значи дека бара на листите за пресметка и исплата на плата да го вметне процентот за пресметување и исплата на додатоците на плата. Тоа значи само да му биде јасно на работникот, колкав е процентот на додатокот на платата што му се пресметува и по кој основ истата се зголемува. Ова бил единствениот процент кој не бил софтверски променет во 2020г, како што биле сменети и останатите проценти за додатоци на плата согласно колективниот договор.

Согласно Вашите препораки како чувари на јавните средства, ЈРП МРТ како работодавач треба да исплаќа поголем процент (85%) за работа на празник ноќе, а кој би бил во согласност со Закон и Колективен договор во заштита на работникот и неговите права и истиот веќе се применува и исплаќа кон вработените и пред Вашите дадени препораки.

- *Во делот пресметка на боледување се врши како просек од пследните 3 просечни бруто плати исплатени на работникот зголемени за додаток за работен стаж, наместо месечниот износ на исплатената плата на која е платен придонесот за задолжително здравствено осигурување во последните 12 месеци пред настанувањето на случајот, како што е утврдено во член 16 од ЗЗО и член 76 од Колективниот договор на ЈРП МР, што влијае на точноста на вистината на пресметаниот износ во случај на боледување.*

Пресметката на боледувањето во ЈРП МРТ се вршеше согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор ( **Сл. Весник 10/08,88/08), односно за време на привремана неспособност за работа поради болест и повреда, согласно со закон, работникот има право на надоместок на плата, почнувајќи** од првиот ден на боледувањето од просечно исплатената плата на работникот во претходните три месеци.

Согласно Вашите препораки ни укажувате во сите случаи, ЈРП МРТ како работодавач, надоместокот на плата задолжително мора да го пресметува согласно висината на просечната плата на работникот од последните 12 месеци. Тоа значи дека работодавачот мора да ја пресметува просечната плата на рабо -

тникот што ја примил во последните 12 месеци за да може да се утврди висината на просечните примања по час, па согласно тоа да се исплати надоместокот на плата.

Според Вашите препораки, во просечната плата од 12 месеци влегува целиот износ на платата што ја примил работникот без оглед дали тоа било за прекувремена, ноќна работа или работна успешност, но исто така во овој просек ќе се земе во предвид и времето на привремана неспособност за работа поради болест и повреда, согласно со закон доколку користел во измината година. Просекот за 12 месеци кој го посочивате за неспособност за работа поради болест или повреда до 30 дена, е веќе применливо, пред доставувањето на Вашите препораки. Посебно сакам да нагласам иако во Вашите препораки е нагласено за само надоместокот привремана неспособност за работа поради болест и повреда истата е применета веќе и важи и за останатите надоместоци на плата односно користење на годишен одмор или дообразовување.

Препораките веќе се применети и истите се променети во софтверскиот ситем, но се од ниска матерјална вредност во однос на месечната бруто плата која се исплаќа во МРТ.

Во следната табела се прикажани процентуалните вредности на додатоците на плата во однос на исплатената месечна бруто плата. Уште помала е матерјална вредност во однос на вкупните трошоци кои се предвидени во финансискит план на ЈРП МРТ.

| 2020 | работа во смени | боледувања | Работа на празник ноќе |
|---|---|---|---|
| Јануари | 0.297% | 0.739% | 0.419% |
| Февруари | 0.384% | 0.006% | 1.826% |
| Март | 0.386% | 1.193% | 0.000% |
| Април | 0.406% | 0.480% | 0.166% |
| Мај | 0.394% | 0.162% | 0.243% |
| Јуни | 0.414% | 0.335% | 0.082% |
| Јули | 0.411% | 0.630% | 0.009% |
| Август | 0.401% | 0.445% | 0.200% |
| Септември | 0.426% | 0.918% | 0.089% |
| Октомври | 0.417% | 1.422% | 0.260% |
| Ноември | 0.441% | 2.201% | 0.002% |
| Декември | 0.441% | 1.523% | 0.122% |

**6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

*6.2. Со измена на член 69 од Колективниот договор на ЈРП МРТ се воведува коефициент на сложеност за Директорот и Заменик директор поради што во октомври 2020 година потпишани се договори за изменување и дополнување на нивните менаџерски договори. Горенаведеното не е во согласност со членовите 2 и 5 од Колективниот договор, каде Директорот претставува овластено лице согласно закон, кое ја претставува ЈРП МРТ и е една од засегнатите страни во Колективниот договор заедно со Претседателот на Синдикалната организација при ЈРП МРТ и вработените. Сметаме за потребно да укажеме дека вклучување на Директорот и на Заменик директорот во иста група со вработените може да ја доведе во прашање нивната независност и објективност при донесувањето на одлуки и да предизвика судир на интереси кога тие одлуки се однесуваат на одредбите на Колективниот договор, а воедно може да претставуваат ограничувачки фактор при функционирање на Синдикалната организација при ЈРП МРТ. Од тие причини сметаме дека раководните органи треба да се изземат од одредбите за исплата на плата во Колективниот договор.*

По однос на препораката на Државниот завод за ревизија по точката 6.2. сакаме да известиме дека измената на членот 69 од Колективниот договор на ЈРП МРТ, каде што се вклучуваат коефициенти на сложеност на Директорот и на Заменикот на директорот се на иницијатива на Синдикатот на МРТ, којашто е прифатена од Програмскиот совет на МРТ, а поради претходните искуства кога во МРТ се потпишувале менаџерски договори на претходните директори со плати на износ дури до пет пати повисок од сегашниот износ што им се исплаќа на Директорот на МРТ и на Заменикот директорот на МРТ. Со цел да се превенираат овие состојби, дојдено е до ова заедничко решение на Синдикатот и Програмскиот совет на МРТ и со тоа се воведува баланс меѓу платите на вработените и платите на Директорот на МРТ и на Заменик директорот на МРТ. Освен оваа одредба што се однесува на коефициент на сложеност, Директорот на МРТ и Заменик директорот на МРТ се исклучени од сите други одредби на Колективниот договор на МРТ со членот 1 од Колективниот договор каде што се точно наведени категориите на работниците на кои се применува Колективниот договор на МРТ. Сметаме дека воведување на ваква пресметка на плата на Директорот и на Заменикот директор на МРТ, земајќи предвид дека тој дел не е покриен со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ниту пак со друго законско решение, не го ограничува функционирањето на Синдикатот на МРТ, ниту пак може да е причина за судир на интереси.

Со оглед на тоа што МРТ цени дека Државниот завод за ревизија е институција со високи критериуми за толкување на законските решенија, во поблиска иднина, штом се создадат реални внатрешни и надворешни услови за тоа, МРТ ќе се потруди да изнајде друго подзаконско решение и да направи измена на Колективниот договор на МРТ во делот на дадената препорака.

**Образложение по Нацрт Извештајот на Овластениот државен Ревизор**

**Предмет: Одговор на Забелешки за Одделението за јавни набавки**

Согласно точка 4.4.1 од Нацрт Извештајот на Овластениот државен Ревизор, укажани се следните неправилности:

| **неправилности според Нацрт Извештајот на Овластениот државен Ревизор** | **образложение од МРТ** |
|---|---|
| Непрезентирани докази за начинот на определување на проценетата вредност во Планот за ЈН, со кои може да се потврди дека при нејзиното пресметување земени се во предвид пазарните услови и реалните потреби на претпријатието како што е уредено со член 39 од ЗЈН. Проценетата вредност се темели на историски податоци кои не се проверени | Во **Прилог 1** Ви доставуваме – Предмет: Барање податоци за изработка на Годишен финансиски план на МРТ за 2023 година и Годишен план за јавни набавки на МРТ за 2023 година (така ЈРП МРТ го прави Планот за јавни набавки за наредната година, врз основа на податоците дадени од сите сектори) |
| Тендерската документација не содржи информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка што не е согласно член 81 став 2 алинеа 8 од ЗЈН | Тендерската документација, како и огласот, ги содржат сите одредби што ги содржи и договорот за јн што го потпишува економскиот оператор. По стапување на новиот Закон за јн во 2019 год, Бирото за јавни набавки сеуште немаше извадено Урнеци за нови тендерски документации и договорните органи сами си ги прилагодуваа тендерските докуметации. Подоцна кога ги прикачија урнеците, сите тендерски документации ни се изменети согласно тие урнеци од бирото за јн и содржат Информации со задолжителните одредби од договорот. |
| Не се потпишани поединечни Изјави за непостоење на судир на интереси од сите членови на комисијата, што не е согласно член 38 став 1 од ЗЈН | Да, Изјавите се ставени на еден лист, но секоја Изјава за Претседателот и членовите си е засебна дадена Изјава, и засебно е потпишана од секој. |
| Во еден случај ЕО доставил Уверение од УЈП за платени даноци кое е постаро од 6 месеци, но неговата понуда комисијата не ја оценила како неприфатлива и истиот бил вклучен во еваулција на понудите | Сите документи не се постари од 6 месеци од ниту еден економски оператор што е избран за најповолен (во прилог Ви е испраатен документот) |
| Непотпишан Записник од отварање на понудите од сите членови на комисијата, како што е предвидено со образците од Правилникот за формата и содржината на записникот од отварање на понудите кој е донесен согласно член 108 од ЗЈН | Записникот е потпишан електронски со токен од Претседателот и двајца членови или заменици. Записникот не треба да го потпишат сите 6 лица, туку само Претседател или Заменик и Членови или Заменици, поради можно оправдано отсуство на било кој член или заменик. Самиот систем автоматски ги вади сите лица кој се регистрирани на ЕСЈН како членови, затоа ги има на Записникот, но истите не учествувале во таа постапка и затоа не се потпишале. |

| | |
|---|---|
| Непотпишан Извештај од спроведена постапка од сите членови на комисија како што како што е предвидено со образците од Правилникот за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка, која е донесен согласно член 111 став 5 од ЗЈН | Извештајот е потпишан електронски со токен од Претседателот и двајца членови или заменици. Извештајот не треба да го потпишат сите 6 лица, туку само Претседател или Заменик и Членови или Заменици, поради можно оправдано отсуство на било кој член или заменик. Самиот систем автоматски ги вади сите лица кој се регистрирани на ЕСЈН како членови, затоа ги има на Записникот, но истите не учествувале во таа постапка и затоа не се потпишале. |
| Известувањето за склучен договор не е објавен на ЕСЈН во рок од 10 дена по склучување на договорот, што не е согласно член 70 став 1 и 2 од ЗЈН | Економските оператори секогаш се водат и ориентираат спрема нашиот датум на заверка, односно датумот на договорот го ставаат со денот кога е заверен кај нас во архива. При што автоматски рокот од 10 дена кој е законски определен се побива, бидејќи рокот за пракање и вракање по пошта не е внесен во датумот. Истовремено сакаме да ви посочиме дека во тој период за време на пандемијата имаше огромен застој со пратките од пошта, при што договорите патуваа и до месец-два. Откако ние ке го добиеме договорот во нашата архива истиот се доставува до оделението за јавни набавки и се објавува веднаш или за ден . При што сметаме дека оваа забелешка не е вина на ЈРП МРТ, бидејќи истата не зависи само од нас. |
| Известувањето за реализиран договор не е објавен на ЕСЈН во рок од 10 дена од денот на целосната реализација на договорот, што не е согласно член 70 став 8 од ЗЈН | Објавувањето на ЕСЈН, не беше задолжително кога стапи Законот за јн, се додека ЕСЈН не почна да го блокира системот и од тогаш сите договорни органи почнавме со внесување на реализирани договори |

Детален преглед по фирми од Прилог 1 од Нацрт Извештајот на Овластениот државен Ревизор за Неправилности во постапките за доделување на договори за јавни набавки:

| | **АВЦ ГРОУП Скопје 02552/2019 Набавка на студиска и мобилна опрема** | **образложение од МРТ** | **А1 Македонија Дооел Скопје (Оне.Вип ДОО Скопје) 02552/2019 Набавка на студиска и мобилна опрема** | **образложение од МРТ** | **ВИСИОН 02552/2019 Набавка на студиска и мобилна опрема Дел 3,4,5** | **образложение од МРТ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Износ на реализација во денари во 2020 година | 19.454 | | 5.150 | | 1.821 | / |
| Нема активности за пресметување на проценетата вредност при донесување на Планот за јавни набавки | има утврдено проценета вредност, но не постои методологија или правилник како тоа се прави, се врши зголемување на проценетата вредност над 6 пати | | | | | Ви доставуваме **<u>Прилог 2 и Прилог 3</u>**, како и зошто е направена променета во оваа постапка |
| Тендерската документација не содржи информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка | X | тендерската документација, како и огласот, ги содржат сите одредби што ги содржи и договорот за јн што го потпишува економскиот оператор. По стапување на новиот Закон за јн во 2019 год, Бирото за јавни набавки сеуште немаше извадено Урнеци за нови тендерски документации и договорните органи сами си ги прилагодуваа тендерските докуметации. Подоцна кога ги прикачија Урнеците, сите тендерски ни се изменети согласно тие урнеци од Бирото за јн и содржат Информации со задолжителните одредби од договорот. | X | тендерската документација, како и огласот, ги содржат сите одредби што ги содржи и договорот за јн што го потпишува економскиот оператор. По стапување на новиот Закон за јн во 2019 год, Бирото за јавни набавки сеуште немаше извадено Урнеци за нови тендерски документации и договорните органи сами си ги прилагодуваа тендерските докуметации. Подоцна кога ги прикачија Урнеците, сите тендерски ни се изменети согласно тие урнеци од Бирото за јн и содржат Информации со задолжителните одредби од договорот. | X | тендерската документација како и огласот, ги содржат сите одредби што ги содржи и договорот за јн што го потпишува економскиот оператор. По стапување на новиот Закон за јн во 2019 год, Бирото за јавни набавки сеуште немаше извадено Урнеци за нови тендерски документации и договорните органи сами си ги прилагодуваа тендерските докуметации. Подоцна кога ги прикачија Урнеците, сите тендерски ни се изменети согласно тие урнеци од Бирото за јн и содржат Информации со задолжителните одредби од договорот. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Известување за склучен договор не е објавен на ЕСЈН во рок од 10 дена по склучувањето на договорот | X | **Известувањето за склучен договор е објавен на** 28.10.2019, во прилог **Ви** испраќаме **објавувањето** од бирото **како** **<u>Прилог 4</u>** | - задоцнување од 10 дена | Економските оператори секогаш се водат и ориентираат спрема нашиот датум на заверка, односно датумот на договорот го ставаат со денот кога е заверен кај нас во архива. При што автоматски рокот од 10 дена кој е законски определен се побива, бидејќи рокот за пракање и враќање по пошта не е внесен во датумот. Истовремено сакаме да ви посочиме дека во тој период за време на пандемијата имаше огромен застој со пратките од пошта, при што договорите патуваа и до месец-два. Откако ние ке го добиеме договорот во нашата архива истиот се доставува до оделението за јавни набавки и се објавува веднаш или за ден . При што сметаме дека оваа забелешка не е вина на ЈРП МРТ, бидејќи истата не зависи само од нас. | X | Известувањето за склучен договор е објавен на 28.10.2019, во прилог Ви испраќаме објавувањето од бирото како **<u>Прилог 5</u>** |
| Известување за реализиран договор не е објавен на ЕСЈН во рок од десет дена од денот на целосната реализација на договорот | ок | | | | | ок |
| Не се потпишани Изјави за непостоење на судир на интереси од сите членови на комисијата | од страна на **членовите** на комисијата, не се потпишани поединечни изјави за непостоење на судир на интереси, од **секој** член поединечно, туку на една Изјава се запишани сите членови | | | | | Да, Изјавите се ставени на еден лист, но секоја Изава за Претседателот и членовите си е засебна дадена Изјава, и засебно е потпишана од секој. |

| | | |
|---|---|---|
| не е потпишан Записник од отварањето на понудите од сите членови на комисија | ок | ок |
| не е потпишан Извештајот од спроведена постапка од сите членови на комисија | ок | ок |
| Документ за докажување дека не постојат услови за исклучување од постапката се постари од 6 (шест) месеци, сметано од крајниот рок за поднесување на понудите наназад | X | Сите документи доставени од избраните економски оператори не се постари од 6 месеци (во прилог Ви ги испраќаме сите документи, за докажување) **Прилог 6, Прилог 7 и Прилог 8** |

| | **АВЦ ГРОУП Скопје 07111/2020 - ПОП Резервни делови и поправка на видео опрема во ТВ техника** | **образложение од МРТ** | **Мист Енерџи Дооел 04579/2020 Електрична енергија** | **образложение од МРТ** | **Мист Енерџи Дооел 02-08/2019 Електрична енергија** | **образложение од МРТ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| износ на реализација во денари во 2020 година | 3.302 | | 8.744 | | 11.843 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема активности за пресметување на проценетата вредност при донесување на Планот за јавни набавки | ок - има утврдено проценета вредност, но не постои методологија или правилник како тоа се прави | | | | | Во **Прилог 1** Ви доставуваме – Предмет: Барање податоци за изработка на Годишен финансиски план на МРТ за 2023 година и Годишен план за јавни набавки на МРТ за 2023 година (така ЈРП МРТ го прави Планот за јавни набавки за наредната година, врз основа на податоците дадени од сите сектори) |
